1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖБЕН ЛИСТ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА ... ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 30 април 1982

БЕЛГРАД

БРОЈ 23 ГОД. XXXVIII

Цена на овој број е 24 динари. — Аконтацијата на претплатата за 1982 година изнесува 1.000 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

300.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седниците на Сојузниот собор од 22 април 1982 година.

П бр. 183
22 април 1982 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Sergej Kraigher, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Драгослав Марковиќ, с. р.

З А К О Н

ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат основните права од пензиското и инвалидското осигурување на работниците во здружениот труд.

Со овој закон се уредуваат и посебните услови под кои борците од Народноослободителната војна — работници во здружениот труд ги стекнуваат и остваруваат основните права од пензиското и инвалидското осигурување.

Со овој закон се утврдува правото и на другите работни луѓе на пензиско и инвалидско осигурување заради обезбедување на нивната материјална и социјална сигурност, во согласност со законот.

Член 2

Работниците во здружениот труд, во остварувањето на правото на работа со општествени средства, со задолжително пензиско и инвалидско осигурување, врз самоуправни основи, ја обезбедуваат својата материјална и социјална сигурност во случај на намалување или загубување на работната способност и на старост, а за членовите на своето семејство — правото на семејна пензија.

Работниците во здружениот труд ја обезбедуваат својата материјална и социјална сигурност во случаите од став 1 на овој член врз начелата на заемност и солидарност и на минатиот труд.

Член 3

Односите во пензиското и инвалидското осигурување на работниците, како составен дел на односите во здружениот труд, се засноваат врз самоуправните општествено-економски односи во стекнувањето, распоредувањето и управувањето со доходот во основните организации на здружен труд и во другите самоуправни организации и заедници.

Доходот што работниците во здружениот труд ќе го остварат во основните организации на здружен труд и во други самоуправни организации и заедници со својот тековен труд и со управување и стопанисување со општествените средства, како со свој и општествен минат труд, во кој е содржан и минатиот труд, во кој е содржан и минатот труд на работниците што остваруваат права од пензиското и инвалидското осигурување, претставува основа на општествено-економските односи помеѓу работниците во здружениот труд и работниците што ги остариле правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Член 4

Работниците во здружениот труд со пензиското и инвалидското осигурување ја обезбедуваат својата материјална и социјална сигурност врз основа на својата општествено-економска положба во здружениот труд и на работниот придонес што со својот тековен и минат труд го дале во стекнувањето на доходот на основната организација на здружен труд, на друга самоуправна организација и заедница и на вкупниот општествен доход.

Член 5

Работниот придонес врз основа на кој се стекнуваат и остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување, а што работникот во здружениот труд го дал со својот тековен и минат труд во стекнувањето на доходот на основната организација на здружен труд или на друга самоуправна организација или заедница и на вкупниот општествен доход, се искажува со личниот доход што го остварил со својот тековен и минат труд, во согласност со основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи.

Член 6

Работникот во здружениот труд, односно работникот кој го остварил правото од пензиското и инвалидското осигурување, врз основа на својот минат труд, има право на:

— утврдување на пензијата според просекот на своите валоризирани лични доходи остварени во определен период;

— повторно утврдување на пензијата врз основа на личниот доход што врз основа на минатиот труд, го остварил по остварувањето на правото на пензија, во согласност со сојузниот закон;

— усогласување на пензијата со движењето на номиналните лични доходи на сите работници вработени на територијата на републиката, односно на автономната покраина;

— други права од пензиското и инвалидското осигурување утврдени со законот и со самоуправниот општ акт на самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување.

Работникот што го остварил правото на пензија може да ги оствари и другите лични материјални права врз основа на минатиот труд (право на стан, право на користење на објектите за одмор и рекреација, право на користење на ресторанте за општествена исхрана и др.), според основите и мерилата што се утврдени со самоуправниот општ акт на организацијата на здружен труд, на друга самоуправна организација и заедница и на самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување, во согласност со заедничките основи и мерила утврдени со општествениот договор и со законот.

Член 7

Правата од пензиското и инвалидското осигурување се неотуѓиви, лични материјални права.

Правата од пензиското и инвалидското осигурување не можат да застарат, освен втасаните а неисплатени износи на пензиите и на другите парични давања во случаите утврдени со законот.

Правата од пензиското и инвалидското осигурување не можат да се пренесуваат на други лица.

Член 8

Работниците во здружениот труд и работниците што ги остариле правата од пензиското и инвалидското осигурување во самоуправните интересни заедници за пензиско и инвалидско осигурување (во натамошниот текст: заедници) врз начелата на заемност и солидарност и на минат труд, ги остваруваат своите самоуправни права, обврски и одговорности во пензиското и инвалидското осигурување и ги утврдуваат заедничките и поединечните обврски спрема тие заедници, политиката на развојот, унапредувањето и спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување и заедничките и поединечните права што ги остваруваат во нив.

Работниците во здружениот труд и работниците што ги остариле правата од пензиското и инвалидското осигурување, своите самоуправни права, обврски и одговорности во заедниците ги остваруваат со одлучување на собири, со референдум и со други форми на лично изјаснување, преку делегациите и делегатите, со самоуправно спогодување и општествено договарање и со контрола над работата на органите и службите на заедниците.

Заради остварување на заедничките цели, задачи и интереси на работниците во пензиското и инвалидското осигурување, заедниците можат да се здружуваат во поширок интересни заедници и да основаат сојузи и други здруженија на интересните заедници, како и да воспоставуваат други форми на меѓусебна соработка.

Заедниците меѓусебно соработуваат и со самоуправна спогодба ги уредуваат прашањата значајни за остварувањето на правата на работниците од пензиското и инвалидското осигурување и другите прашања од нивни заеднички интерес.

За уредувањето на прашањата од значење за остварувањето на правата на работниците од пензиското и инвалидското осигурување, заедниците соработуваат со организациите на сојузот на синдикатите. Начинот и формите на оваа соработка поблиску се уредуваат со самоуправна спогодба, во согласност со законот.

Член 9

Средствата потребни за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување работниците во здружениот труд ги обезбедуваат врз самоуправни основи во согласност со законот и ги здружуваат во рамките на заедниците, во согласност со утврдените цели, задачи, заеднички потреби и интереси во областа на пензиското и инвалидското осигурување.

Средствата од став 1 на овој член работниците во здружениот труд ги обезбедуваат со придонес од личниот доход и со придонес од доходот на основните организации на здружен труд, односно со придонес од средствата на другите самоуправни организации и заедници во кои работат. Средствата што работниците ги обезбедуваат со придонес од доходот на основните организации на здружен труд се издвојуваат, по правило, во согласност со порастот на општествената продуктивност на трудот на територијата на републиката, односно на автономната покраина.

Со самоуправна спогодба, во согласност со законот, се утврдуваат обврските, височината, односно критериумите и мерилата за утврдување на височината начинот и роковите за уплата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од став 2 на овој член.

Во обезбедувањето средства за пензиското и инвалидското осигурување учествуваат и општествено-политичките заедници, во согласност со законот, односно со одлуката на собранието на општествено-политичката заедница.

Член 10

Работниците во здружениот труд и работниците што ги остариле правата од пензиското и инвалидското осигурување во рамките на заедниците, го планираат развојот на пензиското и инвалидското осигурување, во согласност со законот.

Целите, задачите, заедничките потреби и интереси и обемот на средствата потребни за остварување на правата, обврските и одговорностите во пензиското и инвалидското осигурување се утврдуваат со плановите за развој во согласност со материјалните можности на здружениот труд и со порастот на општествената продуктивност на трудот и на општествениот доход остварен со управување и стопанисување со општествените средства.

Член 11

Работниците чијшто труд како дополнителен го користат работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани, односно работниците чијшто труд како дополнителен го користат други лица, ја обезбедуваат материјалната и социјалната сигурност за себе и за членовите на своето семејство со задолжително пензиско и инвалидско осигурување, како и работниците во здружениот труд.

Средствата потребни за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување на работниците од став 1 на овој член ги обезбедуваат работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани, односно другите лица кои го користат трудот на тие работници како дополнителен.

Член 12

Работните луѓе кои со личен труд самостојно во вид на занимање вршат уметничка или друга

културна, адвокатска или друга професионална дејност ја обезбедуваат материјалната и социјалната сигурност за себе и за членовите на своето семејство со задолжително пензиско и инвалидско осигурување, во согласност со законот.

Член 13

Работните луѓе кои со личен труд самостојно вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани, ја обезбедуваат материјалната и социјалната сигурност за себе и за членовите на своето семејство со задолжително пензиско и инвалидско осигурување, во согласност со законот.

Член 14

Земјоделецот и членот на неговото домаќинство кои својот труд, земјиште, средства на трудот, односно други средства во сопственост на земјоделци, ги здружиле во земјоделска задруга и во други форми на здружување на земјоделците, или ги здружиле со трудот на работниците и со општествените средства во организациите на здружен труд во односи на потрајна меѓусебна поврзаност или потрајна деловна соработка, зависно од степенот на здруженоста на трудот и средствата и од својот придонес во остварувањето и зголемувањето на доходот, ја обезбедуваат својата материјална и социјална сигурност со задолжително пензиско и инвалидско осигурување, во согласност со законот.

Член 15

Земјоделецот и членот на неговото домаќинство кои работат со средства на кои постои право на сопственост, а кои трудот и средствата не ги здружиле во смисла на член 14 од овој закон, можат својата материјална и социјална сигурност да ја обезбедуваат со пензиското и инвалидското осигурување, во согласност со законот.

Член 16

Со пензиското и инвалидското осигурување, под условите и на начинот што се утврдени со законот, задолжително му се обезбедува материјална и социјална сигурност на секој граѓанин во случај на намалување или загубување на работната способност, односно на членовите на семејството во случај на негова смрт причинета со вршење на работи и задачи во врска со акциите за спасување или одбрана од елементарни непогоди или несреќи, со вршење на самоуправни, јавни и други општествени функции или граѓански должности на повик од државните и други овластени органи, со вршење на задолжителна воена служба, со работите и задачите на општонародната одбрана и општествената самозаштита, со младински работни акции, како и со други работи и задачи за кои е утврдено со законот дека се од општ општествен интерес.

II. ОСНОВНИ ПРАВА

Член 17

Основни права од пензиското и инвалидското осигурување, во смисла на овој закон, се:

1) правото на староона пензија;

2) правото на распоредување на други соодветни работи, односно работни задачи, правото на соодветно вработување, правото на преквалификација, или доквалификација како и правото на соодветни парични надомести;

3) правото на инвалидска пензија;

4) правото на семејна пензија;

5) правото на паричен надомест за телесно оштетување.

Член 18

Основните права од пензиското и инвалидското осигурување, во смисла на овој закон, со задолжително пензиско и инвалидско осигурување, ги обезбедуваат и остваруваат:

1) работниците во работен однос во основните и други организации на здружен труд, во работните заедници на организациите на здружен труд и на други самоуправни организации и заедници, во работните заедници на органите на општествено-политичките заедници, на општествено-политичките и општествените организации, во здруженијата на граѓани и во други организации и заедници (во натамошниот текст: организациите);

2) избраните или именуваните носители на самоуправна, јавна или друга општествена функција, ако за таа работа примаат личен доход, односно остваруваат надомест на личниот доход за вршењето на таа функција;

3) работниците во работен однос кај работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани, односно рабониците чијшто труд како дополнителен го користат други лица.

Работниците од став 1 на овој член, што организацијата ги упатила во странство заради вршење на определени работи односно работни задачи, основните права од пензиското и инвалидското осигурување ги обезбедуваат и остваруваат со задолжително пензиско и инвалидско осигурување и за време на вршењето на тие работи односно работни задачи во странство, ако со меѓународниот договор не е поинаку определено.

Основните права од пензиското и инвалидското осигурување, во смисла на овој закон, со задолжително пензиско и инвалидско осигурување ги обезбедуваат и осигуруваат и државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кои засновале работен однос кај организација на здружен труд што врши дејност во странство.

Член 19

Основните права од пензиското и инвалидското осигурување, во смисла на овој закон, со задолжително пензиско осигурување ги обезбедуваат и остваруваат:

1) државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија што на територијата на Социјалистичко Федеративна Република Југославија се вработени кај странски и меѓународни организации и установи, кај странски конзуларни и дипломатски претставништва или се во лична служба на странски државјани ако со меѓународниот договор не е поинаку определено;

2) државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија вработени во странство, ако за тоа време не се задолжително осигурени кај странски носител на осигурувањето;

3) државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија вработени кај странски работодавец во држава во која се задолжително осигурени, но во која правата од пензиското и инвалидското осигурување, што како основни права се утврдени со овој закон, не можат да ги остваруваат или не можат да ги користат надвор од таа држава.

Член 20

Основните права од пензиското и инвалидското осигурување, во смисла на овој закон, со задолжително пензиско и инвалидско осигурување ги обезбедуваат и остваруваат странските државјани и лицата без државјанство што на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се:

1) во работен однос во организациите, или кај работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани, или се работници чијшто труд како дополнителен го користат други лица;

2) во служба на странски физички и правни лица, ако со меѓународниот договор не е поинаку определено;

3) во служба на меѓународни организации и установи, на странски дипломатски и конзуларни претставништва, ако таквото осигурување е предвидено со меѓународниот договор.

III. СТЕКНУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА

1. Старосна пензија

Член 21

Работникот од чл. 18 до 20 на овој закон (во натамошниот текст: осигуреник) го стекнува правото на старосна пензија кога ќе наполни 60 години (маж), односно 55 години возраст (жена) и 20 години пензиски стаж.

Осигуреникот кој не наполнил пензиски стаж од 20 години стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 65 години (маж), односно 60 години возраст (жена) и најмалку 15 години стаж на осигурување.

Осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 40 години (маж), односно 35 години пензиски стаж (жена), без оглед на годините на возраста.

Член 22

Ако за подрачјето на одделна заедница со законот е установено предвремена пензија, осигуреникот може, во согласност со законот, да стекне право на старосна пензија и пред да ги наполни годините на возраст пропишани со член 21 став 1, кога ќе наполни најмалку 35 години пензиски стаж и 55 години возраст (маж), односно 30 години пензиски стаж и 50 години возраст (жена), со соодветно намалување на пензијата.

Кога корисникот на пензија ќе ги наполни годините на возраст пропишани за стекнување на правото на старосна пензија (член 21 став 1), пензијата од став 1 на овој член не се намалува.

Член 23

На осигуреникот на кого во смисла на овој закон, стажот на осигурување му се смета во зголемено траење, старосната граница за стекнување на правото на пензија утврдена во член 21 ст. 1 и 2 од овој закон му се намалува зависно од степенот на зголемувањето на стажот.

Член 24

Старосната пензија се утврдува од месечниот просек на личните доходи што осигуреникот ги остварил во кои и да било последовни десет години на осигурување што се најповолни за осигуреникот (во натамошниот текст: пензиски основ).

Како година на осигурување од која се зема личниот доход за утврдување на пензијата се зема календарската година во која осигуреникот остварил личен доход, односно надомест на личниот доход, за најмалку шест месеци стаж на осигурување.

Член 25

Личните доходи од поранешните години се валоризираат според движењето на просекот на личните доходи на сите вработени на територијата на републиката, односно на автономната покраина. Валоризацијата на личните доходи од поранешните години, според кои, во смисла на член 24 од овој закон, се утврдува пензијата, се врши според просекот на личните доходи во последната година од работата. Како последна година од работата се зема последната календарска година во која осигуреникот работел и остварил личен доход за најмалку шест месеци.

Член 26

Старосна пензија се пресметува од пензискиот основ во проценти определени зависно од должината на стажот на осигурување, односно на пензискиот стаж.

Височината на старосната пензија за 15 години стаж на осигурување не може да изнесува помалку од 35% (маж), односно 40% (жена) од пензискиот основ.

Член 27

Осигуреникот кој го остварил правото на пензија има право пензијата повторно да му се утврди и врз основа на делот од личниот доход врз основа на минатиот труд што го остварил зависно од придонесот од кој со својот труд и управување придонесот за резултатите во стопанисувањето со општествените средства за унапредување и проширување на материјалната основа на трудот.

За повторно утврдување на пензијата на осигуреникот од став 1 на овој член се зема делот од личниот доход врз основа на минатиот труд што е утврден според основите и мерилата предвидени со самоуправниот општ акт во согласност со сојузниот закон.

Член 28

Осигуреникот кој ќе ги исполни условите за старосна пензија стекнува право на најнизок износ на старосната пензија, под условите, на начинот и во височината што се утврдени со самоуправниот општ акт на заедницата, во согласност со законот.

Член 29

За утврдување на пензискиот основ може да се пропише личните доходи да се земаат од определена височина или може да се пропише највисокиот износ на пензијата.

Член 30

Старосната пензија задолжително се усогласува во текот на годината со движењето на номиналните лични доходи на сите работници вработени на територијата на републиката, односно на автономната покраина. Височината, начинот и роковите за усогласување се утврдуваат со самоуправниот општ акт на заедницата, во согласност со општествениот договор и законот.

Конечно усогласување на пензијата се врши на почетокот од следната година според порастот на номиналните лични доходи во претходната година на сите работници вработени на територијата на републиката, односно на автономната покраина, што се утврдуваат според официјалните статистички податоци во републиката односно во автономната покраина.

Разликата помеѓу пензијата исплатена во изминатата година и пензијата усогласена според став 2 од овој член, се исплатува за целата измината година.

Член 31

Врз основа на разликите што настануваат помеѓу нивото на пензиите остварени во одделни периоди, усогласување помеѓу порано и подоцна определните пензии се врши во случаите и на начинот што се утврдени со самоуправниот општ акт на заедницата, во согласност со општествениот договор и со законот.

Член 32

По исклучок, одделни категории осигурениции можат, под условите и на начинот што се утврдени со законот, да стекнуваат и да остваруваат право на старосна пизија под услови поповолни од условите утврдени со овој закон.

Средствата за зголемените обврски на пензиското и инвалидското осигурување што настануваат поради стекнувањето и остварувањето на правото на старосна пензија под поповолни услови во смисла на став 1 од овој член, на заедницата ѝ ги обезбедува општествено-политичката заедница што ги утврдила тие услови, на начинот утврден со законот.

2. Права врз основа на инвалидност

Член 33

Инвалидност, во смисла на овој закон, постои кога кај осигуреникот, поради трајни промени во здравствената состојба причинети со повреда при работата, професионална болест, со повреда надвор од работата или со болест, што не можат да се отстранат со лекување или со мерки на медицинска рехабилитација, ќе настане намалување или загубување на работната способност за вршење на работите односно на работните задачи на кои бил распореден и што ги вршел пред настанувањето на инвалидноста, како и за вршење на работите односно на работните задачи во основната организација што одговараат на неговата стручна подготовка, односно на работната способност стекната со работа.

Намалување на работната способност постои кога осигуреникот со нормален работен напор што не ја загрозува неговата здравствена состојба повеќе не може со полно работно време да работи на работите односно на работните задачи според кои, во смисла на став 1 од овој член, се оценува инвалидноста.

Преостаната работна способност постои кога осигуреникот кај кого е утврдено намалување на работната способност може да работи најмалку со половина од полното работно време на работите односно на работните задачи на кои бил распореден и што ги вршел пред настанувањето на инвалидноста, како и на работите односно на работните задачи што одговараат на неговата стручна подготовка, односно на работната способност стекната со работа или може да работи полно работно време на други работи односно работни задачи, со или без преквалификација или доквалификација.

Загубување на работната способност постои кога кај осигуреникот не постои преостаната работна способност.

Член 34

Како повреда при работата, во смисла на овој закон, се смета повредата на осигуреникот причинета со непосредно и краткотрајно механичко, физикално или хемиско дејство, како и повредата причинета со нагли промени на положбата на телото, ненадејно оптоварување на телото или со други промени на физиолошката состојба на организмот, ако таквата повреда причински е врзана со вршењето на работите односно на работните задачи.

Како повреда при работата се смета и повредата причинета на начинот од став 1 на овој член што осигуреникот ќе ја претрпи на редовниот пат од станот до местото на работа или обратно, на патот преземен заради извршување на работни задачи и на патот преземен заради стапување на работа, како и во други случаи што се утврдени со законот.

Како повреда при работата се смета и заболување на осигуреникот што настанало непосредно и како исклучителна последица од некој несреќен случај или од виша сила за време на вршењето на работите односно на работните задачи, или во врска со нив.

Како повреда при работата се смета и повредата што ќе ја претрпи осигуреникот во вршењето на работите и задачите од член 16 на овој закон.

Член 35

Професионални болести, во смисла на овој закон, се определени болести причинети со подолго непосредно влијание на процесот и условите на трудот врз работите односно работните задачи што ги вршел осигуреникот.

Професионалните болести и работите односно работните задачи на кои се појавуваат тие болести и условите под кои се сметаат за професионални болести ги утврдува заедницата, со самоуправен општ акт по претходно прибавено мислење од соодветните стручни и научни организации.

Заедниците можат со самоуправна спогодба да утврдат единствена листа на професионалните болести.

Член 36

Инвалид на трудот, во смисла на овој закон, е осигуреникот кој врз основа на инвалидност ги остварува правата од пензиското и инвалидското осигурување.

а) Право на распоредување на други соодветни работи односно работни задачи, право на соодветно вработување, право на преквалификација или доквалификација, како и право на соодветен паричен надомест

Член 37

Осигуреникот кај кого постои преостаната работна способност има право да работи со работно време што одговара на таа способност, како и право да биде распореден на други соодветни работи односно работни задачи, односно право на соодветно вработување, преквалификација или доквалификација ако е потребна, како и право на соодветни парични надомести во врска со користењето на тие права.

Во создавањето услови за обезбедување на правата од став 1 на овој член учествуваат заедниците, самоуправните интересни заедници за вработување и други органи, организации и заедници, во согласност со самоуправната спогодба, општествениот договор и со законот.

Заради создавање услови за спроведување на превенција на инвалидноста, се обезбедува распоредување на работниците што работат на работи односно на работни задачи на кои постои опасност од настапување на инвалидност, како и на работниците со изменети работни способности кои немаат статус

на инвалиди на трудот, на соодветни работи односно работни задачи, на начин утврден со самоуправната спогодба, во согласност со општествениот договор и со законот.

Член 38

Правото да работи со работно време кое одговара на преостаната работна способност, правото на преквалификација или доквалификација, правото на распоредување на други соодветни работи, односно работни задачи и правото на соодветни парични надомести, осигуреникот ги остварува во организацијата во која работел во време на настанувањето на инвалидноста, под условите и на начинот што се утврдени со самоуправниот општ акт на организацијата, во согласност со законот.

Правата од став 1 на овој член осигурениците, кај кои постои преостаната работна способност, ги остваруваат во заедницата, во случаите и под условите што врз основите на поширокото солидарност се утврдени со самоуправниот општ акт на заедницата, во согласност со самоуправната спогодба, општествениот договор и со законот.

Инвалидот на трудот, кој во време на остварувањето на правата не е во работен однос, правото на соодветно вработување, преквалификација или доквалификација, како и на соодветен паричен надомест во врска со користењето на тие права ги остварува во заедницата, под условите и на начинот што се утврдени со самоуправниот општ акт на заедницата, во согласност со самоуправната спогодба, општествениот договор и со законот.

б) Инвалидска пензија

Член 39

Осигуреникот кај кого ќе настане загубување на работната способност, како и осигуреникот со преостаната работна способност, а кој не може од здравствени причини или поради наполнети определени години возраст, со преквалификација или доквалификација да се оспособи за вршење на други соодветни работи односно работни задачи, ниту може со или без преквалификација или доквалификација да се распореди, односно да се вработи на други соодветни работи односно работни задачи, стекнува право на инвалидска пензија:

1) ако инвалидноста е причинета со повреда при работата или со професионална болест — без оглед на должината на пензискиот стаж;

2) ако инвалидноста е причинета со повреда надвор од работата или со болест — под услов пред настанувањето на инвалидноста да имал наполнет пензиски стаж кој му покрива најмалку една третина на периодот од наполнети најмалку 20 години возраст до денот на настанувањето на инвалидноста (работен век), сметајќи го работниот век на полни години.

На осигуреникот кај кого инвалидноста ќе настане пред наполнети 30 години возраст му се обезбедува стекнување на правото на инвалидска пензија под услови што се поповолни од условите пропишани во точка 2) став 1 од овој член.

Осигуреникот — воен инвалид од I до VI група кој на работите односно на работните задачи според кои, во смисла на член 33 став 1 на овој закон, се оценува инвалидноста не може да работи повеќе од половина од полното работно време го стекнува правото на инвалидска пензија ако ги исполнува условите од став 1 на овој член без оглед на тоа дали со преквалификација или доквалификација може да се оспособи за друга соодветна работа или без преквалификација или доквалификација може да се распореди на други соодветни работи односно работни задачи.

Член 40

Инвалидската пензија се утврдува од пензискиот основ кој се утврдува на начинот предвиден во чл. 24, 25 и 27 на овој закон.

Кога инвалидската пензија се стекнува со стаж на осигурување пократок од десет години, пензискиот основ се утврдува врз основа на просечниот личен доход остварен за време на вкупното траење на осигурувањето.

Член 41

Инвалидската пензија во случај на инвалидност причинета со повреда при работата или со професионална болест се определува од пензискиот основ во истата височина во која се определува старосна пензија за пензискиот стаж од 40 години (маж) односно 35 години (жена).

Инвалидската пензија во случај на инвалидност причинета со болест или со повреда надвор од работата се определува од пензискиот основ зависно од должината на пензискиот стаж и наполнетите години живот, така што со исти години возраст да му биде поголема пензијата на осигуреникот со подолг пензиски стаж.

Височината на инвалидската пензија од став 2 на овој член не може да биде помала од 45% од пензискиот основ за маж кај кого инвалидноста настанала пред наполнети 60 години возраст, односно 55% од пензискиот основ за жена кај која инвалидноста настанала пред наполнети 55 години возраст. Ако инвалидноста настанала по 60, односно 55 години возраст височината на инвалидската пензија не може да биде помала од 35% (маж), односно 40% (жена) од пензискиот основ.

Височината на инвалидската пензија не може да биде помала од височината на старосна пензија за еднаков пензиски стаж.

Член 42

Одредбите од овој закон за најнискиот и највискиот износ на старосна пензија и за усогласувањето на таа пензија се применуваат и врз инвалидската пензија.

3. Семејна пензија

Член 43

Семејна пензија можат да остварат членовите на семејството:

1) брачниот другар;

2) децата (родени во бракот или надвор од бракот или посвоени; пасиноците што ги издржувал осигуреникот; внучињата и други деца без родители што ги издржувал осигуреникот);

3) родителите (таткото и мајката, очувот и мајката) и посвоителот, што ги издржувал осигуреникот.

Семејна пензија може да оствари и брачниот другар од разведен брак, ако со судска одлука му е утврдено правото на издржување.

Член 44

Членовите на семејството стекнуваат право на семејна пензија ако умрениот осигуреник:

1) наполнил најмалку пет години стаж на осигурување, или најмалку десет години пензиски стаж, или

2) ги исполнил условите за старосна или инвалидска пензија, или

3) бил корисник на старосна или инвалидска пензија, или

4) бил корисник на правата врз основа на преостаната работна способност.

Ако смртта на осигуреникот настанала како последица од повреда при работата или од професионална болест, членовите на семејството стекнуваат право на семејна пензија, без оглед на должината на пензискиот стаж на осигуреникот.

Член 45

Членовите на семејството можат да го остварат правото на семејна пензија ако се исполнети условите од член 44 на овој закон и посебните услови утврдени со самоуправниот општ акт на заедницата, во согласност со законот.

Член 46

Семејната пензија се определува од старосната или инвалидската пензија што на осигуреникот би му припаѓала во часот на смртта, односно од пензијата што на корисникот на пензијата му припаѓала во часот на смртта.

Височината на семејната пензија се определува во процент од износот на пензијата од став 1 на овој член зависно од бројот на членовите на семејството што имаат право на таа пензија. Процентот за определување на семејната пензија не може да изнесува помалку од 70% од тој износ за еден член на семејството, ако е тој член брачен другар или дете без обата родители.

Височината на семејната пензија во случаите кога семејната пензија ја користат три или повеќе членови на семејството, не може да биде помала од 40% од пензискиот основ на умрениот осигуреник.

Член 47

Одредбите од овој закон за најнискиот износ и за усогласувањето на старосната пензија се применуваат и врз семејната пензија.

4. Паричен надомест за телесно оштетување

Член 48

Осигуреникот кај кого телесно оштетување ќе настане за време на траењето на осигурувањето стекнува право на паричен надомест за тоа оштетување под истите услови во поглед на пензискиот стаж под кои го стекнува правото на инвалидска пензија.

Телесно оштетување постои кога кај осигуреникот ќе настане загубување, односно битно оштетување или позначителна онеспособеност на одделни органи или делови од телото што ја отежнува нормалната активност на организмот и изискува поголеми усилби во остварувањето на животните потреби, без оглед на тоа дали причинува или не причинува инвалидност.

Видовите на телесните оштетувања врз основа на кои се стекнува правото на паричен надомест и процентите на тие оштетувања ги утврдува заедницата со самоуправен општ акт, по претходно прибавеното мислење од стручните и научните организации.

Заедниците можат со самоуправна спогодба да утврдат единствена листа на телесните оштетувања.

Паричниот надомест за телесно оштетување се утврдува и усогласува според мерилата и на начинот што се утврдени со самоуправниот општ акт на заедницата, во согласност со законот.

Ако телесното оштетување е причинето со повреда при работата или со професионална болест, паричниот надомест за телесно оштетување се обезбедува под поповолни услови во поглед на процентот на оштетувањето и се пресметува во поголем износ за истиот процент на оштетување отколку во случај кога телесното оштетување е причинето со болест или повреда надвор од работата.

IV. СТЕКНУВАЊЕ И ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА БОРЦИТЕ ОД НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА

Член 49

Правата на борци од Народноослободителната војна според овој закон, им се безбедуваат на осигурениците од чл. 18 до 20 на овој закон на кои сето време од стапувањето во Народноослободителната борба, односно од почетокот на активната и организирана работа за Народноослободителната борба до 15 мај 1945 година непрекинато им се смета во посебен стаж во двојно траење (во натамошниот текст: борци од НОВ).

Член 50

Борци од Народноослободителната војна пред 9 септември 1943 година (во натамошниот текст: борци од НОВ пред 9 септември 1943 година), во смисла на овој закон, се борците од НОВ кои стапиле во Народноослободителната борба, односно започнале активна и организирана работа за Народноослободителната борба пред 9 септември 1943 година.

Борци од НОВ пред 9 септември 1943 година, во смисла на овој закон, се и борците од НОВ кои станале државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија според Договорот за мир со Италија, или како државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија биле постојано населени на територијата што според овој договор е присоединета кон Социјалистичка Федеративна Република Југославија, односно кои врз основа на Договорот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Италија од 10 ноември 1975 година во Осим, во правата и должностите се изедначени со државјаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а стапиле во Народноослободителната борба, односно започнале активна и организирана работа за Народноослободителната борба до 13 октомври 1943 година.

Член 51

Борец од НОВ пред 9 септември 1943 година стекнува право на старосна пензија:

1) без оглед на годините на животот — кога ќе наполни пензиски стаж од 35 години (маж), односно 30 години (жена);

2) кога ќе наполни 55 години (маж), односно 50 години возраст (жена) — ако има најмалку 20 години пензиски стаж наполнет кога и да било.

На борец од НОВ пред 9 септември 1943 година кој има најмалку 15 години пензиски стаж, од што најмалку десет години стаж на осигурување, посебна комисија може по исклучок да му го признае правото на старосна пензија без оглед на годините на возраст, ако утврди дека е тоа потребно со оглед на општата состојба на неговото здравје и на работната способност. Посебната комисија се формира на начинот утврден со законот.

Во стажот на осигурување од десет години од став 2 на овој член се сметаат во еднократно траење и сите периоди што на борците од НОВ врз таа основа им се сметаат во пензиски стаж во двојно траење.

Борец од НОВ пред 9 септември 1943 година стекнува право на старосна пензија кога ќе ги исполни условите пропишани во овој член, без оглед на тоа кога му престанало осигурувањето.

Борец од НОВ пред 9 септември 1943 година може да се определи правото на старосна пензија да го оствари под условите предвидени во член 21 од овој закон, со тоа што периодите на посебниот стаж утврдени во двојно траење да не му се засметуваат во пензиски стаж или да му се засметуваат во еднократно траење.

Член 52

Борец од НОВ пред 9 септември 1943 година кој поради настаната инвалидност не може подолго од половина од полното работно време да ги врши работите односно работните задачи според кои, во смисла на член 33 став 1 од овој закон, се оценува инвалидноста — стекнува право на инвалидска пензија, ако ги исполнува условите во поглед на стажот за стекнување на правото на таа пензија, без оглед на тоа дали може да врши други соодветни работи односно работни задачи со или без преквалификација или доквалификација.

Член 53

На борец од НОВ пред 9 септември 1943 година пензијата му се утврдува од пензискиот основ на истиот начин како и на другите осигуреници.

Ако е тоа за борецот од НОВ пред 9 септември 1943 година поповолно, за утврдување на пензискиот основ се зема месечниот просек на личниот доход што го остварил во кои и да било последовни пет години на осигурување што се за него најповолни. При утврдувањето на пензискиот основ се применуваат одредбите на чл. 24, 25 и 27 од овој закон.

На борец од НОВ пред 9 септември 1943 година кој кон личниот доход примал боречки додаток тој додаток му се засметува во пензискиот основ за определување на пензијата.

При утврдувањето на пензијата на борец од НОВ пред 9 септември 1943 година, пензискиот основ се зема најмалку во височина која одговара на просекот на личните доходи на работниците остварени во Социјалистичка Федеративна Република Југославија во последната година пред годината во која се остварува пензијата, зголемен за 6%.

Член 54

На борец од НОВ пред 9 септември 1943 година височината на старосната пензија остварена според член 51 од овој закон му се утврдува во процент од пензискиот основ според должината на пензискиот стаж и изнесува за 15 години пензиски стаж 45% од пензискиот основ — за маж, а 47,5% од пензискиот основ — за жена.

На борец од НОВ пред 9 септември 1943 година височината на инвалидската пензија му се утврдува во процент од пензискиот основ според должината на пензискиот стаж и за пензиски стаж до 15 години изнесува 45% од пензискиот основ — за маж, а 55% од пензискиот основ — за жена.

Пензиите утврдени во смисла на ст. 1 и 2 од овој член се зголемуваат за секоја натамошна година пензиски стаж над 15 години — за маж по 2%, а за жена по 2,5% од пензискиот основ, со тоа што така утврдената пензија за стаж од 35 години (маж), односно 30 години (жена) може да изнесува најмногу 85% од пензискиот основ.

На борец од НОВ пред 9 септември 1943 година, кој ќе оствари пензија со пензиски стаж помал од 35 години (маж) односно 30 години (жена), износот на пензијата пресметана според наполнетиот пензиски стаж му се зголемува за 60%, со тоа што така зголемената пензија може да изнесува најмногу 85% од пензискиот основ.

Член 55

Борец од НОВ, кој стапил во Народноослободителната борба, односно започнал активна и организирана работа за Народноослободителната борба на 9 септември 1943 или подоцна, стекнува право на пензија под истите услови и пензијата му се утврдува на истиот начин како и на другите осигуреници.

На борецот од НОВ од став 1 на овој член, кој врз основа на наполнетиот пензиски стаж ќе оствари пензија пониска од 85% од пензискиот основ, износот на пензијата утврдена според наполнетиот пензиски стаж му се зголемува:

1) на борец од НОВ од 9 септември 1943 година до крајот на таа година — за 60%;

2) на борец од НОВ од 1944 година — за 30%;

3) на борец од НОВ од 1945 година — за 10%.

На осигуреник — државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија кој по 6 април 1941 година бил пленет или интерниран и во логорите на воените пленици или на политичките затвореници односно на интернирците непрекинато активно и организирано учествувал во работата за Народноослободителното движење и кој по излегувањето од логорот му се ставил на располагање на Народноослободителното движење продолжувајќи ја активната работа за движењето, а кому тоа време не му е признато во двојно траење, пензијата остварена врз основа на наполнетиот пензиски стаж во процент понизок од 85% од пензискиот основ му се зголемува за 30%.

Пензијата зголемена според ст. 2 и 3 од овој член може да изнесува најмногу 85% од пензискиот основ.

На борецот од НОВ од став 1 на овој член кој ќе го оствари правото на предвремена пензија, пензијата определена според ст. 2 до 4 од овој член му се намалува во смисла на член 22 став 1 од овој закон. Ова намалување се врши до наполнувањето на годините на возраст пропишани за стекнување на правото на старосна пензија (член 22 став 2 од овој закон).

Борецот од НОВ од став 1 на овој член има право да бара периодите на посебниот стаж утврдени во двојно траење да не му се засметуваат во пензиски стаж, или да му се засметуваат во еднократно траење.

Член 56

На членовите на семејството на борец од НОВ пред 9 септември 1943 година кој во часот на смртта ги исполнил условите за признавање на старосна пензија според член 51 став 2 од овој закон, но таа пензија не ја остварил, посебната комисија предвидена со тој член може да им го признае правото на семејна пензија, ако се исполнети условите за стекнување на правото на семејна пензија (чл. 44 и 45). Оваа семејна пензија се утврдува од старосната пензија што на борецот од НОВ би му припаѓала ако таа пензија ја остварил додека бил жив.

Член 57

Решението за исклучително признавање на правото на пензија според член 51 став 2 и член 56 од

овој закон го донесува посебна комисија по претходно прибавените податоци за пензискиот стаж од надлежната заедница. Тоа решение е конечно и врз основа на него заедницата ја определува пензијата.

Член 58

Пензиите на борците од НОВ се усогласуваат на истиот начин како и пензиите на другите осигуреници.

Како најнизок пензиски основ според кој задолжително се усогласуваат пензиите на борците од НОВ пред 9 септември 1943 година се зема пензискиот основ утврден според член 53 став 4 од овој закон.

Член 59

Одредбите на чл. 51 до 54 и на чл. 56 до 58 од овој закон во врска со стекнувањето и утврдувањето на правата, се применуваат и врз осигурениците — учесници на Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година, на кои ова време им се смета во посебен стаж во двојно траење (во натамошниот текст: шпански борци).

На шпанскиот борец како посебен стаж во двојно траење му се смета и времето што до 15 мај 1945 година го поминал во затвор, логор или интернација, најрано од 6 април 1941 година, ако во затворот, логорот или интернацијата ја продолжил работата за Народноослободителното движење, под услов по излегувањето од затворот, логорот или интернацијата да му се ставил на располагање на Народноослободителното движење, продолжувајќи ја активната работа за него.

Член 60

Одредбите на чл. 51 до 58 од овој закон, во врска со стекнувањето и утврдувањето на правата, се применуваат и врз осигурениците — учесници во Народноослободителното движење на Грција — државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на кои сето време од стапувањето во Народноослобдителното движење на Грција, односно од почетокот на активната и организирана работа за тоа движење, а најрано од 6 април 1941 година до 15 мај 1945 година, им се смета непрекинато во посебен стаж во двојно траење, и тоа зависно од денот на стапувањето во тоа движење, односно од почетокот на активната и организирана работа за него.

Член 61

Федерацијата им обезбедува средства на заедниците за обврските што настануваат според овој закон во врска со остварувањето на правата на борците од НОВ што се стекнуваат под поповолни услови, со утврдување на височината на пензијата на борците од НОВ и со признавање на правото на семејна пензија на членовите на нивните семејства.

Со сојузен закон се утврдуваат случаите, обемот и начинот на обезбедувањето на овие средства.

V. ПЕНЗИСКИ СТАЖ

Член 62

Пензискиот стаж, во смисла на овој закон, врз основа на кој се стекнуваат и остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување го опфаќа:

1) времето поминато во осигурување од 1 јануари 1973 година што се смета во стаж на осигурување според одредбите на чл. 63 до 74 од овој закон;

2) времето навршено до 31 декември 1972 година што, во смисла на член 100 од овој закон, се смета во пензиски стаж како периоди на стажот на осигурување и периоди на посебниот стаж.

1. Стаж на осигурување што се смета со ефективно траење

Член 63

Во стаж на осигурување се смета времето што осигурениkот од чл. 18 до 20 на овој закон по наполнети 15 години возраст го поминал во работен однос, односно на работа врз основа на која бил задолжително осигурен.

Член 64

Во стаж на осигурување се смета сето време поминато во работен однос со полно работно време.

Под време поминато во работен однос со полно работно време се подразбира и времето што во работен однос со скратено време ќе го поминат:

1) инвалидите на трудот, воените инвалиди, цивилните инвалиди од војната, како и други инвалидни лица, ако работат онолку време колку што одговара на нивната работна способност;

2) воените осигуреници — уживатели на инвалидска пензија, ако работат најмалку половина работно време;

3) работничките — заради доење или нега на дете, односно работниците — заради нега на дете.

Во стаж на осигурување се смета и времето поминато во работен однос со неполно работно време, освен случаите од став 2 на овој член, во траење што одговара на вкупниот број часови на таквата работа остварена за одделни години, пресметани на полно работно време.

Одредбите на ст. 1 до 3 од овој член се применуваат и кога работно време е остварено со работа во два или во повеќе работни односи.

Член 65

Во стаж на осигурување се смета и времето што осигурениkот го поминал:

1) на боледување по престанувањето на работниот однос или на друга работа врз основа на која бил осигурен, ако за тоа време примал надомест на личниот доход;

2) на професионална рехабилитација, односно на преквалификација или доквалификација на која бил упатен како инвалид на трудот, или како воен инвалид, како слеп, лице заболено од дистрофија и сродни мускулни и невромускулни заболувања, од параплегија, церебрална и детска парализа или како цивилен инвалид од војната, без оглед на тоа дали пред тоа бил осигурен.

Член 66

Во стаж на осигурување се смета и времето што во текот на траењето на работниот однос осигурениkот ќе го помине на стручно усовршување или на специјализација.

Член 67

Во стаж на осигурување се смета и времето што осигурениkот ќе го помине на неплатено отсуство, под суспензија, во истражен затвор или на издржување казна затвор под услов за тоа време да му

трае работниот однос или друга работа врз основа на која е осигурен, во траење, на начинот и во случаите што се утврдени со законот.

Член 68

Во стаж на осигурување се смета и времето за кое осигурениците од чл. 18 до 20 на овој закон биле осигурени во пензиското и инвалидското осигурување:

1) во својство на воен осигуреник;

2) како работни луѓе кои со личен труд самостојно во вид на занимање вршат уметничка или друга културна, адвокатска или друга професионална дејност;

3) како работни луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓани;

4) како земјоделци од чл. 14 и 15 на овој закон.

Член 69

Во стаж на осигурување се смета и времето поминато по престанувањето на задолжителното осигурување за кое е платен придонес (продолжено осигурување), во случаите, под условите и на начинот што се утврдени со самоуправниот општ акт на заедницата.

2. Стаж на осигурување што се смета со зголемено траење

Член 70

На осигурениците кои работат на особено тешки и по здравјето штетни работи односно работни задачи и на осигурениците кои работат на работи односно работни задачи на кои по наполнувањето определени години возраст не можат со успех да ја вршат својата професионална дејност, стажот на осигурување им се смета со зголемено траење. Степенот на зголемувањето на стажот на осигурување зависи од тежината и штетноста на работата, односно од природата на работата, а може да изнесува најмногу 50%.

Член 71

Како работи односно работни задачи на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење затоа што работата на нив е особено тешка и штетна по здравјето можат да се утврдат работите односно работните задачи на кои се стекнуваат следните услови:

1) во врска со извршувањето на работите односно на работните задачи да постојат позначителни штетни влијанија врз здравствената состојба и врз работната способност на работниците, и покрај тоа што се применети сите општи и посебни заштитни мерки утврдени со прописите, како и другите мерки што можат да влијаат врз отстранувањето и намалувањето на штетните влијанија;

2) работите односно работните задачи под тешки и по здравјето штетни услови да се извршуваат непосредно покрај изворите на штетните влијанија, во непрекинатиот тек на процесот на трудот;

3) работите односно работните задачи под околностите од точ. 1 и 2 на овој став да ги извршува ист работник во текот на полно работно време, земајќи го како полно работно време и работното време пократко од 42 часа неделно, определено за одделни работи односно работни задачи поради посебните услови за работа.

Како работи односно работни задачи на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, затоа што векот на вршење на професионалната дејност е ограничен со наполнувањето на определени години возраст, можат да се утврдат работите односно работните задачи во оние занимања во кои, поради природата и тежината на работата, физиолошките функции на организмот опаѓаат во толкава мера што на работникот му го оневозможуваат натамошното успешно вршење на истата професионална дејност.

Член 72

Работите односно работните задачи на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, постапката за нивно утврдување, степенот на зголемувањето на стажот на осигурување на тие работи односно работни задачи, како и обемот на соодветното намалување на старосната граница ги утврдува заедницата со самоуправен општ акт, согласно со законот.

Работите односно работните задачи на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење се утврдуваат по претходно прибавено мислење од специјализираните стручни и научни организации, на иницијатива од организациите на здружен труд и од други самоуправни организации и заедници.

Работите односно работните задачи на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење подлежат на ревизија што ја вршат заедниците на начинот и според постапката утврдени со самоуправниот општ акт на заедницата.

Член 73

Стажот на осигурување со зголемено траење им се смета и на осигурениците што во работен однос односно на работа врз основа на која биле задолжително осигурени поминале работејќи со полно работно време како: осигуреници со телесно оштетување од најмалку 70% (член 48 ст. 2 и 3), воени инвалиди од I до VI група, цивилни инвалиди од војната од I до V група, слепи лица, лица заболени од дистрофија и сродни мускулни и невромускулни заболувања и од параплегија, церебрална и детска парализа.

На осигурениците од став 1 на овој член секои 12 месеци ефективно поминати во работен однос врз основа на кој се осигурени им се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување, а старосната граница пропишана за стекнување старосна пензија (член 21 ст. 1 и 2) им се намалува за по една година за секои пет години ефективно поминати на таква работа.

Член 74

Во стаж на осигурување со зголемено траење се смета и времето за кое осигурениците биле осигурени во пензиското и инвалидското осигурување во својството воен осигуреник или граѓанско лице на служба во Југословенската народна армија, освен времето што граѓанското лице на служба во Југословенската народна армија го поминало во трупа, и тоа под условите и во обемот што се утврдени со прописите со кои се уредува пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници.

VI. ОСТВАРУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРАВАТА

Член 75

Правата од пензиското и инвалидското осигурување се остваруваат во заедницата во која осигуреникот последен пат бил осигурен.

Заедницата во која осигуреникот последен пат бил осигурен е надлежна и кога правата од пензи-

ското и инвалидското осигурување се остваруваат врз основа на меѓународни договори.

Осигуреникот може, на свое барање, по исклучок од ст. 1 и 2 на овој член, правата од пензиското и инвалидското осигурување да ги оствари во заедницата во која наполнил претежен дел од стажот на осигурување. Под истите услови можат да се остварат и правата на семејна пензија.

Барањето за остварување на правото на пензија се поднесува до заедницата во која осигуреникот последен пат бил осигурен.

Член 76

Осигуреникот што остварува права од пензиското и инвалидското осигурување со примената на меѓународен договор за социјалното осигурување, во случаите кога за стекнување и остварување на правата според одредбите на тој договор не се зазметува пензискиот стаж наполнет во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, може да ги оствари правата од пензиското и инвалидското осигурување само според одредбите на овој закон.

Член 77

Одредбите на член 75 од овој закон се применуваат и во случаите кога осигуреникот бил осигурен кај две или повеќе заедници, од кои некои се заедници за осигурување на осигурениците — работници, а некои — заедници за пензиско и инвалидско осигурување на други категории осигураници.

Член 78

Правата за случај на инвалидност и смрт причинети со повреда при работата се остваруваат во заедницата во која осигуреникот бил осигурен во часот на настанувањето на таа повреда.

Правата за случај на инвалидност и смрт причинети со професионална болест се остваруваат во заедницата во која осигуреникот бил осигурен во време на заболувањето од професионална болест, а ако во тоа време не бил осигурен, правата се остваруваат во заедницата во која последен пат бил осигурен.

Член 79

Пензискиот стаж и личниот доход, како и другите факти од влијание врз стекнувањето и утврдувањето на правата се земаат предвид при остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување, без оглед на тоа на подрачјето на која заедница за осигурување на осигурениците — работници односно заедница за пензиско и инвалидско осигурување на други категории осигураници се остварени односно утврдени, врз основа на податоците утврдени во матичната евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Член 80

При утврдувањето дали се исполнети условите за стекнување на правото на пензија и при определувањето на височината на пензијата, надлежната заедница, ако е тоа поповолно за осигуреникот, односно за корисникот на правото, пензискиот стаж ќе го утврдува со примена на прописот со кој е утврден тој стаж во заедницата во која е наполнет односно утврден.

Одредбата на став 1 од овој член сообразно се применува и врз снижувањето на старосната граница, ако стажот на осигурување се смета со зголемено траење.

Член 81

Постапка за остварување на правата се поведува на барање од осигуреникот, односно за остварување на правото на семејна пензија — на барање од член на семејството, ако со законот за одделни права од пензиското и инвалидското осигурување не е поинаку определено.

Во спроведувањето на постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, заедниците се должни да обезбедат ефикасно остварување на правата и да им даваат стручна помош на осигурениците и на корисниците на правата.

Член 82

Во постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување се обезбедува заштита на правата во рамките на заедницата и судска заштита на правата на осигурениците и на корисниците на правата, во согласност со законот и со самоуправниот општ акт на заедницата.

Во постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување што осигуреникот ги остварува во организацијата во смисла на член 38 став 1 од овој закон, на осигурениците им се обезбедува заштита на правата, под условите и на начинот што се утврдени со самоуправниот општ акт на организацијата, во согласност со законот.

Член 83

Заедницата кај која осигуреникот го остварил правото на пензија или на паричен надомест е должна на осигуреникот да му ги исплатува во Социјалистичка Федеративна Република Југославија износите што му припаѓаат, без оглед на местото на престојот.

Заедницата кај која осигуреникот го остварил правото на пензија или на паричен надомест ја обезбедува исплатата на овие давања во странство под условите предвидени со законот, со меѓународниот договор или ако постои реципроцитет.

Член 84

Правата од пензиското и инвалидското осигурување, утврдени со овој закон, се стекнуваат и втасуваат со денот на исполнувањето на условите.

Денот на почнувањето на исплатата на пензијата и паричните надомести и на застареноста на одделните втасани а неисплатени износи се утврдува со законот.

Пензијата и другите парични надомести се утврдуваат во месечен износ и се исплатуваат наназад.

Член 85

Користењето на правата стекнати според овој закон може да се ограничи во случај на стапување на корисникот на пензијата во работен однос, или вршење на дејностите од чл. 12 и 13 од овој закон, неизвршување на пропишаните должности во врска со користењето на правата врз основа на инвалидност (неотповикување на лекарски прегледи, нестапување во определениот рок на преквалификација и сл.), во случај на издржување на казна затвор, на начинот и според постапката утврдени со законот.

Во случај на издржување на казна затвор поради кривично дело против народот и државата, исплатата на пензијата се ограничува до височината на семејната пензија што за тоа време би им припаѓала на членовите на семејството, во согласност со законот.

Правата стекнати според овој закон престануваат кога во текот на користењето на правата ќе престанат да постојат условите за стекнување и остварување на правата во случаите и под условите утврдени со законот.

Член 86

Кога во постапката за остварување на правата ќе настане судир на надлежностите помеѓу заедниците од територијата на две или повеќе републики односно автономни покраини, тој судир го решава Сојузниот суд.

Сојузниот суд го решава и судирот на надлежностите помеѓу заедницата и Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници, односно заедницата и заедницата на други категории осигуреници чиешто седиште е на територијата на друга република односно автономна покраина.

Член 87

Ако пензискиот стаж е наполнет односно утврден на подрачјето на две или повеќе заедници, заедниците меѓусебно со самоуправна спогодба ги уредуваат прашањата за надоместот на делот од пензијата на заедницата што го признала правото на пензија, кој одговара на сразмерот помеѓу стажот што осигуреникот го наполнил на подрачјето на таа заедница, односно што таа му го утврдила, и вкупниот пензиски стаж.

При утврдувањето на сразмерот помеѓу наполнетиот, односно утврдениот стаж и вкупниот пензиски стаж (став 1), од вкупниот пензиски стаж се одбиваат периодите што се утврдени како учество во револуционерна работа, во Народноослободителната војна, во антифашистичката борба во други земји и во сојузнички војски и периодите поминати надвор од работата поради околности причинети од војни.

Надоместот на делот од пензијата, во смисла на став 1 од овој член опфаќа, покрај нејзиниот сразмерен дел, и соодветен дел од додатните давања кон пензијата што му припаѓаат на корисникот врз основа на пензиското и инвалидското осигурување, како и соодветен дел од задолжителните придонеси што се исплатуваат на пензиските примања, ако со самоуправната спогодба не е поинаку определено.

Надоместот на соодветен дел од пензијата се пресметува и исплатува тримесечно, ако со самоуправната спогодба не е поинаку определено.

Член 88

Ако за подрачјето на одделни заедници се установи предвремена пензија (член 22), обврските на заедниците за надомест, во смисла на член 87 од овој закон, настануваат со денот на исполнувањето на условите за стекнување на правото на пензија според овој закон, ако со самоуправната спогодба не е поинаку определено.

Член 89

Одредбите на член 87 од овој закон се применуваат и кога стажот на осигурување е наполнет кај две или повеќе заедници, од кои едни се заедници за осигурување на работниците, а други — заедници за осигурување на други категории осигуреници, ако со законот за одделни категории не е поинаку определено.

Член 90

Инвалидските пензии остварени врз основа на инвалидност причинета со повреда при работата или со професионална болест, како и семејните пензии остварени по смртта на осигуреникот, што е причинета со повреда при работата или со професионална болест, во целост се обврска на заедницата кај која е остварено правото.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 91

На корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување, кои до 1 јануари 1983 година тие права ги остариле според Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“, бр. 35/72, 18/76, 58/76, 22/78 и 74/80), тие права им се обезбедуваат и по тој ден, ако со овој закон се утврдени како основни права, во обем кој не може да биде помал од обемот утврден со овој закон и на начинот што е утврден со прописите што ќе се применуваат по 1 јануари 1983 година.

На корисниците на правата од став 1 на овој член исплата на пензиите (без заштитниот додаток) и на паричните надомести им се обезбедува најмалку во износот што им припаѓал до 1 јануари 1983 година.

Член 92

На корисникот на правата од пензиското и инвалидското осигурување кај кого инвалидноста е утврдена според прописите што биле во сила до 1 јануари 1983 година заедницата му ги обезбедува тие права и по 1 јануари 1983 година.

Одредбите на член 38 од овој закон за обврските на организациите во обезбедувањето на правото врз основа на преостаната работна способност, ќе се применуваат врз случаите што ќе настанат по 1 јануари 1983 година.

Член 93

Одредбата на член 84 став 3 од овој закон ќе се применува врз пензиите и паричните надомести остварени по 1 јануари 1983 година.

Член 94

Постапката за остварување на основните права од пензиското и инвалидското осигурување, односно за утврдување на пензискиот стаж, поведена на барање или по службена должност до 1 јануари 1983 година, ќе се оконча под условите и на начинот како што било предвидено со прописите што биле во сила во време на поведувањето на постапката.

Член 95

Корисникот на правата од пензиското и инвалидското осигурување што тие права ги остварил според прописите што биле во сила до 1 јануари 1983 година, може да ги оствари правата од пензиското и инвалидското осигурување во заедницата во која наполнил претежен дел од стажот на осигурување, ако барањето го поднесе најдоцна до 31 декември 1983 година.

Член 96

Лицата што до 1 јануари 1983 година ги исполниле условите за стекнување на правото на пензија според Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ“, бр. 35/72, 18/76, 58/76, 22/78 и 74/80), а до тој ден не поднеле барање, можат да го остварат тоа право под условите, на начинот и според постапката што биле предвидени со тој закон, ако барањето го поднесат во рок од една година од 1 јануари 1983 година.

Член 97

На лицата што врз основа на вршењето самостојна дејност биле осигурени според Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ“, бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67, 54/67, 17/68, 32/68, 55/68, 11/69, 56/69, 47/70, 60/70, 15/71, 16/71 и 60/71) и според Основниот закон за

инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65, 14/66, 1/67, 23/67 и 56/69), односно според договорите склучени врз основа на тие закони, пензискиот стаж наполнет до 31 декември 1972 година им се утврдува на начинот и според постапката како што се утврдувал според прописите што биле во сила до тој ден, ако со законот не е поинаку определено.

Член 98

Семејствата на паднатите борци и семејствата на другите лица за кои правото на семејна пензија е установено според член 243 од Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67, 54/67, 17/68, 32/68, 55/68, 11/69, 56/69, 47/70, 60/70, 15/71, 16/71 и 60/71) можат и по 1 јануари 1983 година, на свое барање, да го остварат правото на семејна пензија, под условите и на начинот што биле предвидени со тој закон.

Член 99

Лицата што по 1 јануари 1983 година нема да имаат својство на осигуреници од чл. 18 до 20 на овој закон, или тоа својство не го имале врз основа на чл. 7 и 8 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/72, 18/76, 58/76, 22/78 и 74/80), но според таа основа имале својство на осигуреници по 1 јануари 1965 година, можат да ги остварат правата од пензиското и инвалидското осигурување под условите утврдени со овој закон.

Како лица кои имале својство на осигуреници по 1 јануари 1965 година, во смисла на став 1 од овој член, се сметаат и лицата што по тој датум биле осигурени кај странски носител на осигурувањето во земја со која е склучен меѓународен договор за социјалното осигурување.

Правото на семејна пензија, под условите утврдени со овој закон, можат да го остварат и членовите на семејството на лицата од ст. 1 и 2 на овој член, како и членовите на семејството на лицата што биле уживатели на старосна или инвалидска пензија по 1 јануари 1965 година.

Лицата што по 1 јануари 1983 година нема да имаат својство на осигуреници (чл. 18 до 20), а не се опфатени со одредбата на став 1 од овој член, но својството на осигуреници го имале според поранешните прописи, како и членовите на нивните семејства и членовите на семејствата на корисниците на пензии според поранешните прописи, можат правата од пензиското и инвалидското осигурување да ги остварат под условите утврдени со законот.

Член 100

Пензискиот стаж наполнет до 31 декември 1972 година (член 62 точка 2) се смета на начинот како што беше предвидено со прописите што важеа до тој ден, со тоа што со законот може да се воведе поповолен начин на сметање на пензискиот стаж од оној што беше предвиден со прописите што важеа до 31 декември 1972 година.

Одредбата на став 1 од овој член се применува и врз роковите за докажување на стажот врз основа на изјава на сведоци.

На лицата од член 65 точка 2 и од член 73 на овој закон им се смета во стаж на осигурување, односно во стаж на осигурување со зголемено траење и времето поминато на професионална рехабилитација, односно на работа пред 31 декември 1972 година.

При утврдувањето на обврските на федерацијата од член 61 став 1 на овој закон, пензискиот стаж наполнет до 31 декември 1972 година се смета исклучително на начинот како што тој стаж се сметаше според прописите што важеа до тој ден.

Член 101

Во постапката за решавање на барањата за обнова на постапката за утврдување на посебниот стаж од Народноослободителната војна, поднесени по 1 јануари 1983 година, ќе се применуваат одредбите на сојузниот закон со кој се уредува општата управна постапка.

Член 102

За утврдување на пензискиот основ од кој се утврдува пензијата (чл. 24, 40 и 53) се земаат личните доходи остварени од 1 јануари 1966 година.

Член 103

На осигурениците — воени инвалиди од I до VI група, како и на другите инвалиди што се изедначени со мирновременските воени инвалиди од I до VI група, кои ќе го стекнат правото на инвалидска пензија, таа пензија им се обезбедува во височина од 85% од пензискиот основ ако во периодот од 15 мај 1945 година до денот на стекнувањето на правото на инвалидска пензија најмалку 20 години (маж), односно 17 години и шест месеци (жена) поминале на работа која се смета во стаж на осигурување.

Член 104.

На борците од НОВ што се осигурени во заедниците за пензиско и инвалидско осигурување на други категории осигуреници, а за кои било воспоставено задолжително пензиско и инвалидско осигурување според Основниот закон за пензиското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/64, 56/65, 14/66, 1/67, 18/67, 31/67, 54/67, 17/68, 32/68, 55/68, 11/69, 56/69, 47/70, 60/70, 15/71, 16/71 и 60/71) и според Основниот закон за инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/65, 14/66, 1/67, 23/67 и 56/69), односно според договорите склучени врз основа на тие закони, овие заедници им ги обезбедуваат правата од пензиското и инвалидското осигурување во обемот и под условите што на работниците — борци им се обезбедуваат според овој закон.

Член 105

Одредбите на член 87 од овој закон ќе се применуваат и врз пензиите остварени до 1 јануари 1983 година.

Додека заедниците со самоуправната спогодба не го уредат прашањето на надоместот на сразмерниот дел од пензијата во смисла на член 87 став 1 од овој закон, обврската за надоместување на сразмерен дел од пензијата ќе се утврди само за стажот наполнет по 31 декември 1962 година.

Обврските на заедниците што настанале врз основа на ст. 1 до 3 од член 63 на Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/72, 18/76, 58/76, 22/78 и 74/80), што се однесуваат на пензискиот стаж наполнет до 31 декември 1962 година, ги преземаат заедниците кај кои е остварено правото на пензија, ако со самоуправната спогодба не е поинаку определено.

Член 106

Денот на почнувањето на примената на одредбата од член 25 на овој закон ќе го утврди Собранието на СФРЈ при донесувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година.

До рокот од став 1 на овој член, валоризацијата на личните доходи од поранешните години според кои во смисла на член 24 од овој закон се утврдува пензијата, се врши според просекот на личните доходи во годината што и претходи на последната година од работата.

Член 107

Примена на одредбата на член 30 став 3 од овој закон, заедниците ќе обезбедат најдоцна до 31 декември 1985 година.

Член 108

Овој закон ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

Член 109

Со денот на почнувањето на примената на овој закон престанува да важи Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/72, 18/76, 58/76, 22/78 и 74/80).

Член 110

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

301.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ВО ПРОМЕТОТ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за оданочување на производите и услугите во прометот, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 26 април 1982 година.

П бр. 165
26 април 1982 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Sergej Kraigher, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Драгослав Марковиќ, с. р.

З А К О Н

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ВО ПРОМЕТОТ

Член 1

Во Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ". бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78, 26/79. 5/80, 63/80 и 3/81) во член 14 став 2 зборовите: „што врши промет на стоки на големо" се бришат.

Член 2

Во член 16 став 10 зборовите: „со вклучен пропишаниот данок на промет на производи" се бришат. Во истиот став зборовите: „од тар. број 6 став 2 од Тарифата на основниот данок на промет" се заменуваат со зборовите: „чија работна зафатнина на моторот надминува 1,6 литри", а по зборот: „основниот" се додаваат зборовите: „и на посебниот".

Член 3

Во член 23 по став 4 се додаваат нови ст. 5 до 10, кои гласат:

„Поединецот што врши промет на производи од сопствено производство, освен индивидуалните земјоделски производители, или што вршат промет на купени или на друг начин набавени производи или што врши услуги, должен е да води книга на прометот.

Формата, содржината и начинот на водењето на книгата на прометот како и на документацијата што е задолжителна за правилно водење на книгата на прометот, се утврдуваат со републички односно со покраински пропис.

За секој поединечно остварен промет на производи, односно за секоја поединечно извршена услуга, поединецот од овој член е должен да издаде сметка (фактура). Формата и содржината на сметката се утврдуваат со прописот донесен врз основа на член 58 од овој закон. Поединецот од овој став е должен податоците од тие сметки дневно да ги внесува во книгата на прометот и уредно да ги чува како документација. По исклучок, поединецот кој својот промет го евидентира преку регистар-каса не е должен да издава сметки, но е должен секој извршен поединечен промет да го евидентира во таа каса и соодветен отсечок од касената лента на која е евидентиран тој промет да му издаде на купувачот, односно на корисникот. Тој поединец ќе води книга на прометот врз основа на дневниот промет евидентиран на касената лента.

Книгата на прометот, сметките за извршениот промет и лентите на регистар-касата како и другите исправи врз основа на кои се врши запишување во книгата на прометот, се сметаат како книговодствено-даночни исправи.

Поединецот кој врши превоз на стоки со моторно возило е должен, покрај водењето на книга на прометот, да испоставува за секој превоз посебен патен налог за превоз, чија форма и содржина се утврдуваат со прописот донесен врз основа на член 58 од овој закон, таа книга и тој налог да ги држи во возилото со кое го врши превозот и на барање да му ги покаже, заради контрола, на органот надлежен за вршење на таа контрола.

По исклучок од одредбата на став 5 од овој член, надлежниот републички односно покраински орган може да определи поединците што вршат промет на определени производи или услуги, да не водат книга на прометот, да не издаваат сметки и да не го евидентираат секој поединечен промет што ќе го извршат во регистар-касата. Тој орган може да определи и индивидуалните земјоделски производители, во определени случаи, да водат книга на прометот и да постапуваат во врска со евидентирањето на прометот, според одредбите на овој член."

Член 4

По член 23 се додава нов член 23а, кој гласи:

„Член 23а

Поединецот од член 23 на овој закон е должен книгата на прометот и другите книговодствено-даночни исправи да ги води уредно, ажурно и точно.

Контрола на исправноста на водењето на книговодствено-даночните исправи, како и на пресметувањето и плаќањето на данокот врши општинскиот орган на управата надлежен за работи на приходите, по правило еднаш во текот на три месеци, а конечно по истекот на годината најдоцна до 28 февруари наредната година. Ако органот од овој став утврди дека поединецот не ги водел уредно, ажурно или точно книговодствено-даночните исправи, дека не издавал сметки за секој поединечен промет, дека секој поединечен промет не го евидентирал во регистар-касата или дека точно не го пресметал и уплатил данокот што бил должен да го пресмета и уплати, ќе донесе решение со кое тоа ќе го утврди. Со тоа решение ќе ги утврди и обврските на поединецот врз основа на даноците што треба да ги уплати и ќе му наложи во определен рок да ги отстрани утврдените недостатоци и да го уплати соодветниот данок, заедно со каматата од член 30 на овој закон што тече од денот на уплатата. Органите на контролата од член 23 став 9 на овој закон, кога ќе утврдат неправилности во водењето на книгата на прометот и на исправите за превоз, ќе поднесат за тоа пријава до општинскиот орган од овој став заради донесување решение и водење на прекршочната постапка од член 55 на овој закон."

Член 5

Во член 24 во став 9, на крајот, се додава нова реченица, која гласи: „Одбраниот начин на плаќање на аконтацијата не може да се менува во текот на годината."

По став 9 се додава нов став 10, кој гласи:

„Даночните обврзници-корисници на општествени средства плаќаат аконтации на данокот на надоместите за услуги во рок од 10 дена по истекот на секои 15 дена во месецот, односно по истекот на месецот, на сите надомести за услуги што се наплатени во тој период."

Досегашниот став 10 станува став 11.

Член 6

Во член 27 став 2, на крајот, се додаваат две нови реченици, кои гласат: „Даночниот обврзник плаќа аконтации на основниот данок на промет на производи и на посебниот републички, односно покраински данок на промет на производи за целиот промет што ќе го оствари на територијата на одделна република, односно автономна покраина, на соодветни уплатни сметки во седиштето на републиката, односно на автономната покраина. Даночниот обврзник е должен, по барање од општинскиот орган надлежен за работи на приходите, да му достави на тој орган тримесечна спецификација на вкупно платените аконтации на данокот на промет на производи кумулативно од 1 јануари до крајот на периодот на кој се однесува спецификацијата. По исклучок, во 1982 година аконтациите на данокот можат да се плаќаат и на друг начин, ако е така определено со републичкиот односно со покраинскиот пропис."

Член 7

Во член 28 став 1 зборовите: „според фактурираната реализација врши и конечна пресметка, во смисла на овој став, според фактурираната реализација" се заменуваат со зборовите: „на начинот определен во член 24 став 6 од овој закон, врши и конечна пресметка на данокот, во смисла на овој став,на тој начин".

Член 8

Во член 33 став 5 во првата реченица на крајот се додаваат зборовите: „во рок од пет дена од денот на приемот на решението за разрежување на данокот, но најдоцна во рок од 15 дена од денот на издавањето на сметката.".

Член 9

Во член 34 став 2 се заменува со два нови става, кои гласат:

„Како место во кое самостојниот превозник извршил услуга на превоз се смета местото во кое е седиштето на корисникот на општествените средства — исплатувачот на надоместот за услугата.

Како место во кое е извршена услуга „rent a car" се смета местото во кое е склучен договорот за земање на возилото под закуп."

Член 10

Во член 36 став 1 точка 21 по зборот: „давање" се додаваат зборовите: „со надомест или без надомест".

Точка 37 се менува и гласи:

„37) производи на заштитните работилници за професионална рехабилитација и вработување на инвалиди, производи што во процесот на лекување и рехабилитација, организиран во рамките на соодветно здружение на инвалиди, ги изработуваат инвалидни лица и производи на ученички работници — продадени на крајните потрошувачи непосредно или преку сопствени продажни места;".

Точка 39 се менува и гласи:

„39) патнички автомобили од домашно производство до вредноста утврдена со прописот донесен врз основа на член 58 од овој закон, што врз основа на писмен наод и мислење на надлежната инвалидска комисија ги набавуваат, исклучително за свој личен превоз, непосредно од производителска или од трговска организација на здружен труд, најмногу еднаш во текот на пет години, следните лица што имаат над 18 години возраст, а имаат возачка дозвола или според прописите остварале право на нега и помош од други лица:

— кај кои поради загубување или оштетување на долните екстремитети или на карлицата настанило телесно оштетување од најмалку 80% според Општествениот договор за листата на телесните оштетувања;

— што имаат потполно загубување на видот на обете очи.

На патничките автомобили што ги набавуваат лицата од став 1 на оваа точка, чија вредност е поголема од износот утврден со прописот донесен врз основа на член 58 од овој закон, се пресметува и се плаќа данок на промет на производи во износ во кој тој данок се пресметува и се плаќа кога таков автомобил им се продава на други потрошувачи. Наод и мислење од оваа точка за воените инвалиди издава инвалидската комисија што го утврдува воениот инвалидитет, а за другите инвалидни лица од оваа точка — надлежната инвалидска комисија на заедницата за пензиско и инвалидско осигурување во републиката односно во автономната покраина. Од инвалидното лице што патничкиот автомобил, набавен под условите од оваа точка без плаќање данок на промет на производи, ќе го даде без надомест, или ќе го даде на употреба или ќе го продаде, или на друг начин ќе го отуѓи на друго лице пред истекот на рокот од пет години од денот на набавката, ќе се наплати данокот на промет на производи од кој тоа лице било ослободено во моментот на набавката на тој автомобил, заедно со каматата по стапка од член 30 на овој закон од денот на набавката до денот на плаќањето на данокот. По исклучок, ако инвалидното лице умре пред истекот на рокот од пет години од денот на набавката на автомобилот, законските наследници можат да го прода-

дат патничкиот автомобил што го наследиле, без плаќање данок на промет на производи од кој оставителот бил ослободен. Воен инвалид од прва група на кој според член 60 од Законот за воените инвалиди му се дава бесплатно на употреба моторно возило, нема право на даночното олеснение од оваа точка. Со прописот донесен врз основа на член 58 од овој закон се определува кога се смета дека постои загубување или оштетување на долните екстремитети, односно на карлицата од став 1 на оваа точка, како и кога постои случај на давање автомобил на друго лице во смисла на овој став;".

Во точка 41 точката се заменува со точка и запирка и се додаваат две нови точ. 42 и 43, кои гласат:

„42) Хидротурбини и опрема за мали хидроцентрали на потоци, рекички и сл. што, врз основа на писмена потврда од општинскиот орган надлежен за работи на стопанство, ги набавуваат граѓани за сопствени потреби;

43) градежен изолационен материјал изработен од минерални материјали, стаклена волна и синтетички материјали.".

Точка 11

Во член 37 став 1 во точка 5 став 1 по зборовите: „писмена порачка" се додаваат зборовите: „за потрошувачка во вршењето на неговите дејности, освен производите што се предмет на крајна лична потрошувачка на граѓаните".

Во точка 7 зборовите: „производи од шеќер (бонбони, екстракти од слатко дрво, џвакачки гуми во маса или обликувани и други производи од шеќер) од тар. бр. 17.04 и 17.06 на Царинската тарифа" се заменуваат со зборовите: „производи од шеќер што не содржат какао (екстракти од сладок корен, бонбони, џвакачки гуми и друго) од тар. број 17.04 на Царинската тарифа".

Член 12

Во член 48 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Даночниот обврзник — корисник на општествени средства, што погрешно го пресметал и уплатил од средствата со кои располага данокот на промет што не бил должен да го плати, поднесува од свое име и за своја сметка барање за повраток на така платениот данок до надлежната организациона единица на службата на општественото книговодство.".

Досегашните ст. 3 и 4 стануваат ст. 4 и 5.

Член 13

Во член 50 став 1 точка 2 се менува и гласи:

„2) ако набавените производи од точка 1 на овој став ги употреби за други цели, а не за оние поради кои е пропишано ослободување од плаќање данок, односно плаќање данок по пониска стапка. Ако корисник на општествени средства употреби масло за горење екстра лесно (ЕЛ) или масло за горење лесно специјално (ЛС) за погон на моторни возила, трактори, моторни пловни објекти и мотори, ќе се казни со парична казна од најмалку 50.000 до 500.000 динари. Непосредна контрола над потрошувачката на тие масла за погон на моторни возила, трактори, моторни пловни објекти и мотори вршат органите надлежни за таа контрола. Ако тие органи најдат дека наведените масла се употребуваат за погон на моторни возила, трактори, моторни пловни објекти и мотори, ќе поднесат пријава до надлежниоа јавен обвинител за поведување постапка за стопански престап.".

Член 14

Во член 51 став 1 точ. 2 и 3 се менуваат и гласат:

„2) ако не го пресмета или ако неточно го пресмета данокот на промет (член 12 став 3);

3) ако во пропишаниот рок не го уплати данокот на промет што бил должен да го пресмета и уплати или ако ѝ ја изврши уплатата на општествено-политичката заедница на која тој данок како приход не ѝ припаѓа (член 12 став 3);".

Член 15

Во член 52 став 2 зборовите: „27 став 2 и член" се бришат.

Член 16

Во член 54 зборовите: „даночниот обврзник" се бришат.

Во истиот член се додава нов став 2, кој гласи:

„Ако поединец употреби масло за горење екстра лесно (ЕЛ) или масло за горење лесно специјално (ЛС) за погон на моторно возило, трактор, моторен пловен објект или мотор, ќе се казни со парична казна за прекршокот од 10.000 до 50.000 динари.".

Член 17

Член 55 се менува и гласи:

„Со парична казна во височина од 50.000 до 500.000 динари ќе се казни за прекршок поединец кој не ќе постапи според одредбите на член 23 ст. 5, 7 и 9 и член 23а став 1 од овој закон. Со решението за казната ќе се изрече и заштитна мерка одземање на неоправданата имотна корист стекната со прекршокот.

Ако поединец стори прекршок од став 1 на овој член два или повеќе пати во текот на годината, покрај казната и заштитната мерка од став 1 на овој член, ќе му се изрече и заштитна мерка забрана на вршењето на дејноста во траење од шест месеци до две години.

Постапката поради прекршокот од став 1 на овој член ја води и казната и заштитните мерки ги изрекува општинскиот орган на управата, односно надлежната служба.".

Член 18

Во Тарифата на основниот данок на промет се вршат следните измени и дополненија, и тоа:

1) во став 1 од тар. број 2 во точка 2 зборовите: „дизел гориво Д-2" се заменуваат со зборовите: „дизел гориво Д-1, Д-2 и Д-3".

Точка 8 се менува и гласи:

„8) масло за горење екстра лесно (ЕЛ) и масло за горење лесно специјално (ЛС) кога им се продаваат на граѓаните исклучително за загревање на станови и станбени простории и кога се продаваат на начинот и под условите определени во член 37 точка 5 став 1 од овој закон врз основа на нивни писмени порачки до куќните совети исклучително за загревање на станбени згради и станбени простории — по стапка од 7,83%, односно по стапка од 7,98%

На маслата за горење од оваа точка што корисниците на општествени средства ги набавуваат на начинот и под условите определени во член 6 од овој закон со плаќање со вирман исклучително за горење во индустриски печки — по стапка од 7,83%, односно по стапка од 7,98%.

За други цели освен за целите од ст. 1 и 2 на оваа точка, маслата за горење од оваа точка можат да се продаваат само со издавање на фактура и со пресметување на основниот данок на промет на производи по стапка од 71,74%, односно по стапка од 74,11%.

Продавачите се должни посебно да ја евидентираат продажбата на масла по фактури во смисла на ст. 1, 2 и 3 од оваа точка.

Продавачот што масло за горење од оваа точка ќе му продаде на купувачот за погон на моторно возило, трактор, моторен пловен објект и мотор, па и кога таа продажба ќе ја изврши со пресметување на купувачот на основниот данок на промет на производи по стапка од 71,74%, односно од 74,11%, е должен на тој промет и самиот да уплати од средствата со кои располага основен данок на промет на производи со примена на тие исти стапки, а против него ќе се поведе постапка за стопански престап во смисла на член 50 став 1 точка 2 од овој закон.

Маслата за горење од оваа точка мораат пред пуштањето во промет да се бојадисаат со јасно црвена односно црна боја.".

Во забелешката на овој тар. број се вршат следните измени и дополненија:

— во точка 2 став 1 во одредбата под 2 зборовите: „на големо на начин предвиден за промет на стоки на големо" се заменуваат со зборовите: „на начинот определен во член 37 точка 5 став 1 од овој закон";

— во точка 3 во одредбата под 8 зборовите: „на големо" се заменуваат со зборовите: „на начинот определен во член 37 точка 5 став 1 од овој закон", а по зборот: „аптеки" зборовите: „како и" се бришат. На крајот на таа одредба точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и кога им се продаваат на производителски организации на здружен труд исклучително за загревање на печки за производство на леб и печиво.;

2) во тар. број 4 во точка 1 алинеја втора од Забелешката, по зборот: „увозниците" запирката и зборовите: „продавачите на големо или продавачите на мало" се заменуваат со зборовите: „и продавачите";

3) во тар. број 5 во Забелешката, точка 2 се заменува и гласи:

„2. Даночен обврзник е производителската, увозничката или трговската организација на здружен труд регистрирана за промет на алкохол на начинот определен во член 37 точка 5 став 1 од овој закон, што алкохолот самата го троши или што ќе и го продаде на трговска организација на здружен труд која го набавува заради продажба преку своите продавници и други слични деловни единици или што ќе му го продаде на крајниот потрошувач.";

4) наименувањето на тар. број 6 се менува и гласи:

„Тар. број 6

На промет на патнички автомобили кај кои деловите произведени во Југославија учествуваат со 50% и повеќе од 50% во вредноста на тие автомобили, или кај кои вредноста на деловите што ги испорачува странскиот кооперант според договорот за долгорочна производна кооперација, што е регистриран кај надлежниот орган според прописите, е покриена во целост со вредноста на домашните производи испорачани на тој кооперант, или што производителската организација на здружен труд ги увезува од странски кооперант врз основа на специјализација на производството според таквиот договор за долгорочна производна кооперација, чијашто вредност е покриена во целост со вредноста на домашни патнички автомобили или производи што според тој основ му се извезуваат на странскиот кооперант — се плаќа основен данок на промет на производи според работната зафатнина на нивните мотори, и тоа:

1) работна зафатнина на моторот до 0,95 l 8%
2) работна зафатнина на моторот до 0,95 l до 1,6 l 14%
3) работна зафатнина на моторот над 1,6 l до 2,0 l 35%
4) работна зафатнина на моторот над 2,0 l 50%

На прометот на други патнички автомобили, освен на оние од став 1 на овој тар. број, се плаќа основен данок на промет на производи според работната зафатнина на нивните мотори, и тоа:

1) работната зафатнина на моторот до 0,95 l 30%
2) работна зафатнина на моторот над 0,95 l до 1,6 l 45%
3) работна зафатнина на моторот над 1,6 l до 2,0 l 60%
4) работна зафатнина на моторот над 2,0 l 80%

5) во тар. број 9 во точка 3 алинеја прва, бројот: „300" се заменува со бројот: „3.500", а по зборовите: „по часовник" запирката се заменува со точка и запирка, а зборовите: „освен на прометот на рачни електронски часовници од марката „СЕЛК" се бришат.

Член 19

Се овластува Законодавно-правната комисија на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ да утврди пречистен текст на Законот за оданочување на производи и услуги во прометот и на Тарифата на основниот данок на промет која претставува негов составен дел.

Член 20

Одредбите на чл. 3, 4 и 17 од овој закон ќе се применуваат од 1 јули 1982 година.

Член 21

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

302.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПРИДОНЕСОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА НА СВЕТСКАТА ПРОГРАМА ЗА ХРАНА, ЗА 1983 И 1984 ГОДИНА

Се прогласува Законот за обезбедување средства за придонесот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на Светската програма за

храна, за 1983 и 1984 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 26 април 1982 година.

П бр. 178
26 април 1982 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Sergej Kraigher, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Драгослав Марковиќ, с. р.

З А К О Н

ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПРИДОНЕСОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА НА СВЕТСКАТА ПРОГРАМА ЗА ХРАНА ЗА 1983 И 1984 ГОДИНА

Член 1

За придонесот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на Светската програма за храна (WEP), за 1983 и 1984 година се обезбедуваат средствата во вкупен износ од 22,572.000 динари.

Член 2

Средствата од член 1 на овој закон ќе се користат за купување на земјоделски, односно прехранбени производи на домашниот пазар по светските цени и за плаќање на трошоците за превоз.

Член 3

Средствата од член 1 на овој закон ќе се обезбедат во буџетот на федерацијата за одделни години, и тоа:

1) во Буџетот на федерацијата за 1983 година — 11,286.000 динари;

2) во Буџетот на федерацијата за 1984 година — 11,286.000 динари.

Член 4

Ако во текот на примената на овој закон се промени курсот на динарот, конечниот износ на средствата од член 1 на овој закон ќе се утврди според курсот што важи во времето на исплатата на земјоделските ,односно на прехранбените производи испорачани на Светската програма за храна.

Член 5

Ако домашната цена на земјоделските, односно на прехранбените производи е поголема од светската цена на тие производи, средства за покритие на разликата во цената ќе се обезбедат од средствата на тековната буџетска резерва на федерацијата.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

303.

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 и член 286 став 2 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со чл. 25 и 72 од Законот за девизното работење и за кредитните односи со странство, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 26 април 1982 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВКУПНИОТ ИЗНОС НА ДЕВИЗИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1982 ГОДИНА

1. Во Одлуката за утврдување на вкупниот износ на девизи за потребите на федерацијата во 1982 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/81) во точка 1 бројот: „26.411,299.300" се заменува со бројот: „39.732,699.000".

2. Точка 2 се менува и гласи:

„2. Средствата од точка 1 на оваа одлука се распоредуваат:

	Динари
1) за потребите на материјалните резерви во федерацијата —	4.408,953.000
2) за потребите на органите на федерацијата и за потребите на остварувањето на правата и должностите на федерацијата — —	33.977.402.300
3) за потребите на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини — — —	1.204.659.000
4) за потребите на Фондот на солидарноста со неврзаните земји и со земјите во развој — — —	141,684.700

3. Во точка 3 став 1 се менува и гласи:

„Средствата утврдени во точка 2 на оваа одлука претставуваат динарска противвредност на девизите, сметано, и тоа:

а) динари 1.330,318.000 — според курсот од 27,30 динари за еден САД долар;

б) динари 38.402,381.000 — според курсот од 41,80 динара за еден САД долар."

4. Во точка 6, на крајот процентот: „80%" се заменува со зборовите: „74,83%, а за потребите на материјалните резерви во федерацијата — од 80%."

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 546
26 април 1982 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Драгослав Марковиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
Зоран Полич, с. р.

304.

Разгледувајќи го материјалот „Остварување и заштита на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните", што го подготви Одборот на Сојузниот собор за општествено-политички односи, во соработка со соодветните работни тела во Собранието на СФРЈ и во другите органи и организации во федерацијата и во републиките и автономните покраини, и

тргнувајќи од утврдената со Уставот положба и улога на работните луѓе и граѓаните во социјалистичкото самоуправно општество, од значењето што остварувањето и заштитата на уставните права, слободи и одговорности на работните луѓе и граѓаните го имат за натамошното јакнење и развој на социјалистичките самоуправни односи, за сестраниот развиток, слободното изразување и заштитата на човечката личност, за почитувањето на човечкото достоинство, за остварувањето на заедничките и личните интереси на работните луѓе и граѓаните, за развивањето на социјалистичкиот морал, како и од достигањата и искуствата во остварувањето и заштитата на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните; и

имајќи предвид:

— дека работните луѓе и граѓаните во нашето социјалистичко самоуправно општество се носители на материјалниот, општествениот и културниот развој и на конституирањето, остварувањето, заштитата и контролата на нивните уставни права, слободи, должности и одговорности; дека суштествено се проширени демократската содржина, обемот и досегот на правата, слободите и одговорностите на работните луѓе и граѓаните и се отворени можности за успешно остварување и заштита на тие права и слободи во сите области од општествената работа и живот;

— дека самоуправно организираните работни луѓе и граѓани, остварувајќи и заштитувајќи го правото на работа со општествени средства и правото на самоуправување, непрекинато ја унапредуваат својата општествено-економска и политичка положба и создаваат услови за остварување и заштита и на сите други со Уставот утврдени права и слободи, дека тие права, слободи и должности работните луѓе и граѓаните ги остваруваат и заштитуваат во односите на заемност, меѓусебна поврзаност, демократска соработка и одговорност со форми на лично изјаснување и по пат на делегатскиот систем во организациите на здружен труд, месните заедници, самоуправните интересни заедници и во други самоуправни организации и заедници, во општествено-политичките и други општествени организации и здруженија на граѓаните и во општествено-политичките заедници;

— дека Социјалистичка Федеративна Република Југославија во движењето на неврзаноста и во меѓународната заедница е активно вклучена во борбата за признавање и ширење на човечките права и слободи и дека остварува значајна улога во остварувањето на правото на народите на самоопределување, правото на развој, за деколонизација, за нов економски поредок, економска соработка, за рамноправност на жените и заштита на децата, како и за заштита на националните малцинства и на другите човечки права и слободи;

— дека напоредно со значајните достигања во остварувањето и заштитата на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните постојат појави на закинување, недоволна заштита, слабости и тешкотии, што се одледаат во ограничувањето на правата на работните луѓе да одлучуваат за доходот и за условите и тековите на општествента репродукција, во бирократскиот однос спрема работните луѓе и граѓаните, во технобирократското и групносопственичкото располагање со доходот и управувањето со средствата за производство и во недоволната општествена активност за доследно остварување и заштита на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните во одделни општествени средини.

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, на седницата од 21 април 1982 година, врз основа на член 136 од Деловникот на Собранието на СФРЈ и на член 219 од Деловникот на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, донесува

ЗАКЛУЧОЦИ

I

1. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ го усвојува материјалот „Остварување и заштита на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните".

2. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ ги повикува работните луѓе и граѓаните во организациите на здружен труд, месните заедници и во други самоуправни организации и заедници, во општествено-политичките и други општествени организации и во здруженијата на граѓаните да ги разгледуваат остварувањето и заштитата на своите уставни права, слободи, должности и одговорности и да преземаат конкретни мерки за доследно остварување и заштита на тие права, слободи, должности и одговорности и за унапредување на самоуправните односи.

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ смета дека е неопходно органите на власта и самоуправувањето и другите општествени фактори да ја согледаат состојбата на остварувањето и заштитата на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните и, во рамките на своите уставни овластувања, должности и одговорности, да преземаат мерки за унапредување на практиката и за поефикасно и попотполно остварување и заштита на тие права, слободи, должности и одговорности.

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ очекува дека општествено-политичките организации, посебно Социјалистичкиот сојуз на работниот народ како фронт на организирани социјалистички сили, во согласност со својата уставна улога и со одговорноста во политичкиот систем на социјалистичкото самоуправување, ќе ја организираат и поттикнуваат општествената активност и со своите политички иницијативи ќе придонесуваат кон нејзината широчина и делотворност.

3. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ истакнува дека е неопходно поголемо внимание да им се посветува на научните и стручните истражувања и проучувања на практиката на остварувањето и заштитата на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните и органите на власта и самоуправувањето и другите општествени фактори да иницираат, поттикнуваат и повеќе да ги користат резултатите од соодветните научни и стручни истражувања и проучувања.

4. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ укажува на потребата што побрзо да се изгради општествениот систем на информирањето чиишто податоци и известувања имаат големо значење за уредување на правата, слободите, должностите и

одговорностите на работните луѓе и граѓаните и за следење на остварувањето и на заштитата на тие норми во практиката.

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ укажува и на значајната улога и одговорноста на средствата за јавно информирање во следењето на остварувањето и заштитата на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните во информирањето на јавноста, како и во развивањето на социјалистичката свест и морал.

II

1. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, во рамките на својата редовна активност:

— ќе ги следи остварувањето и заштитата на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните, како и извршувањето на меѓународните обврски што ги има преземено Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

— ќе преиспита одделни решенија во сојузните закони, во другите прописи и општи акти од својот делокруг, заради создавање услови самоуправно организираните работни луѓе и граѓани сами да го уредуваат, остваруваат, штитат и контролираат остварувањето на своите уставни права, слободи, должности и одговорности. За таа цел, посебно ќе ги разгледа законите во кои се регулирани утврдувањето и распоредувањето на вкупниот приход и доход, основите на кредитниот и банкарскиот систем, основите на системот на општественото планирање, стопанисувањето со средства за унапредување и проширување на материјалната основа на трудот, правата по основ на минатиот труд, можностите за поедноставување на решенијата во судските и управните постапки и ќе даде иницијатива за склучување на општествени договри во одделни области од општествениот живот, особено на оние во кои ќе се уредат заедничките основи и мерила за утврдување на делот од дохдот што е резултат од искучителни погодности, поблиските услови за организирање на основни организации во определени дејности, заедничките основи на заштитата и унапредувањето на човековата животна средина, заедничките основи на вработувањето воопшто, а посебно на младите и на инвалидите на трудот, како и заедничките основи на постапувањето со претставките и предлозите на работните луѓе и граѓаните.

2. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ му предлага на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ и тој да предвиди поконкретни активности, заради создавање услови за унапредување на остварувањето и заштитата на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните во областите во кои тој собор ги остварува правата и должностите на Собранието на СФРЈ.

3. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ го обврзува Сојузниот извршен совет, во остварувањето на својата одговорност, при известувањето на Собранието на СФРЈ, да му поднесува на Собранието на СФРЈ предлози за отстранување на незаконитостите и на другите согледани неправилности во остварувањето и заштитата на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните.

Сојузниот извршен совет е должен да ги утврди во своите програми, сопствените активности со кои се унапредуваат остварувањето и заштитата на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните.

4. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ ги обврзува сојузните органи на управата и сојузните организации, при известувањето на Собранието на СФРЈ за прашањата од својата надлежност, да му поднесуваат на Собранието на СФРЈ иницијативи за отстранување на незаконитостите и на другите согледани неправилности во остварувањето и заштитата на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните.

5. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ смета дека е потребно Сојузниот суд, Сојузното јавно обвинителство, Сојузното јавно правобранителство, Сојузниот општествен правобранител на самоуправувањето и Сојузниот совет за прекршоци, при известувањето на Собранието на СФРЈ за прашањата од својата надлежност, да му поднесуваат на Собранието на СФРЈ и предлози за отстранување на незаконитостите и на другите согледани неправилности во остварувањето и заштитата на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните.

6. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ ќе ги разгледува, во рамките на својот делокруг, известувањата за состојбата и проблемите на остварувањето и заштитата на уставноста и законитоста и мислењата и предлозите за донесување и измени на законите и за преземање на други мерки, што ќе му ги поднесе Уставниот суд на Југославија, заради обезбедување на уставноста и законитоста и за заштита на правото на самоуправување и на другите права и слободи на граѓаните и на самоуправните организации и заедници, и за таа цел ќе презема потребни мерки.

7. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ истакнува дека организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници, општествените организации, здруженијата на граѓаните и другите организации, на кои со Уставот на СФРЈ и со сојузен закон им е доверено, во областа на нивната дејност, да вршат јавни овластувања, се должни да го известуваат Собранието на СФРЈ односно Сојузниот извршен совет за вршењето на доверените јавни овластувања, особено во однос на остварувањето и заштитата на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните.

8. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ ги обврзува своите работни тела и заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ, во рамките на својот делокруг, да го следат остварувањето и заштитата на уставните права, слободи, должности и одговорности на работните луѓе и граѓаните.

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ ќе формира посебно работно тело за следење на спроведувањето на овие заклучоци и за остварување на потребната соработка и координација.

III

Овие заклучоци ќе се објават во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 00-1/82
22 април 1982 година
Белград

Сојузен собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател
на Сојузниот собор,
Стана Томашевиќ-Арнесен с. р.

305

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, врз основа на член 285 точка 10 од Уставот на СФРЈ и на чл. 136 и 174 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија го разгледуваше, во рамките на својот делокруг, на седниците од 21 и 22 април 1982 година, Извештајот за работата на Сојузниот извршен совет за периодот од јануари 1980 до март 1982 година, и

имајќи ги предвид оцените на состојбата и резултатите остварени во одделни области од надлежност на Сојузниот извршен совет содржани во тој извештај и во експозето на претседателот на Сојузниот извршен совет,

тргнувајќи од оцените и предлозите на работните тела на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ и на заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ, како и од мислењата и оцените дадени во текот на претресот на седницата на Соборот, ги донесе следниве

ЗАКЛУЧОЦИ

I

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ оценува дека Сојузниот извршен совет, како извршен орган на Собранието на СФРЈ, во извештајниот период извршил обемни, сложени и мошне одговорни работи и задачи во рамките на својата уставна функција и со својата работа значајно придонел кон остварувањето на заедничките интереси во федерацијата што се обезбедуваат и остваруваат преку работата и одлучувањето на Сојузниот собор.

1. Постигнатите резултати укажуваат дека активноста на Сојузниот извршен совет во изминатиот период беше сосредоточена врз прашањата на натамошниот развој на социјалистичките самоуправни општествено-економски односи, врз основите на Уставот на СФРЈ и на Законот за здружениот труд, врз предлагањето и остварувањето на актите во врска со развојната политика и, посебно, со остварувањето на политиката за економска стабилизација. За ваквото дејствување на Сојузниот извршен совет, посебно кога се работи за остварувањето на политиката за економска стабилизација, од посебно значење беа заклучоците на соборите на Собранието на СФРЈ и на Претседателството на СФРЈ.

Од делокругот на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ тоа, пред се беа прашањата: спроведување на системот на самоуправното општествено планирање; анализирање на досегашните резултати и определувања за натамошни поттикнувачки мерки за јакнење на процесот на здружувањето на трудот и средствата врз доходовни односи; трансформација на вкупните односи во финансиската сфера, а посебно на банките; ефикасно дејствување и натамошно доградување на пресметковниот систем и на системот на платниот промет; функционирање на единствениот југословенски пазар, на системот на стоковните резерви и др.

Меѓутоа, и покрај постигнатите резултати, овие процеси на развојот на новите општествено-економски односи ги следат значајни тешкотии и слабости. Тоа, пред се, се огледа во недоследното спроведување на донесените закони и договорената политика. Во условите кога значајни прашања на материјалните и општествените односи не можат да се решат на овој начин, барањето излез во привремени административни мерки може да биде само преодна состојба што треба да овозможи да се најдат договорни решенија врз потрајни основи.

Неопходно е Сојузниот извршен совет, во рамките на своите надлежности, да ги вложи сите потребни усилби, со учество на соборите на Собранието на СФРЈ и на организираните социјалистички сили, за натамошно организирање на здружениот труд во сите области врз основа на Уставот на СФРЈ и на Законот за здружениот труд, односно за натамошно развивање на самоуправните социјалистички продуктивни односи во целината на општествената репродукција.

Во реализацијата на заклучоците на Сојузниот собор што се однесуваат на остварувањето на задачите во областа на економската стабилизација, Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата успешно извршија многу обемни работи, иако во условите на сложеноста на економската ситуација и на тежината на економските проблеми требаше уште поефикасно да се дејствува, понавремено да се преземаат одделни мерки и пореално да се процену ваат нивните ефекти. Соборот смета дека е неопходна натамошна интензивна активност на Сојузниот извршен совет, пред се во: согледувањето на досегашните искуства, решавањето на отворените прашања и натамошната доградба на системот на самоуправното општествено планирање; испитувањето на функционирањето и натамошниот развој на монетарно-кредитниот и банкарскиот систем и анализирањето на влијанијата на пресметковниот систем и на системот на плаќањата врз остварувањето на политиката за економска стабилизација; анализирањето на функционирањето на единствениот југословенски пазар и на системот на стоковните резерви; донесувањето договор за трајни и стабилни извори на средства за финансирање на стоковните резерви и во другите области што се назначени во извештајот на Сојузниот извршен совет.

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ оценува дека Заклучоците што Соборот ги усвои по повод разгледувањето на Извештајот за работата на Сојузниот извршен совет за период од 16 мај 1978 до крајот на 1979 година и Заклучоците на Соборот за остварувањето на политиката за економска стабилизација од јули 1981 година, како и мислењата, ставовите и предлозите на работните тела на Сојузниот собор и на заедничките работни тела на Собранието на СФРЈ, дадени по тој повод, се и натаму актуелни и дека е потребно решително и доследно да се спроведуваат во живот.

2. Потпирајќи се врз стабилноста на општеството, политичкото единство и готовноста на сите наши народи и народности, на работните луѓе и граѓаните доследно да се спроведува политиката што ја заснова Сојузот на комунистите на Југославија со другарот Тито, во овој период значајно зајакна борбената готовност, оспособеноста и ефикасноста на Југословенската народна армија и на вооружените сили во целост, организираноста, оспособеноста и извежбаноста на цивилната заштита и на системот за набљудување и известување, оспособеноста на наменските капацитети во производството на современо вооружување и воена опрема за потребите на одбраната на земјата и силно зајакна одбранбено-заштитната сила и способност на општеството во целост да му се спротивстави на секој притисок и агресија.

Во остварувањето на овие општествени цели, Сојузниот извршен совет во изминатиот период ја интензивира работата врз спроведувањето на политиката што е утврдена со актите и заклучоците на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, со основите на одбранбените планови и на другите документи на Претседателството на СФРЈ и вложуваше усилби — во согласност со Уставот на СФРЈ, а во духот на концепцијата на општонародната одбрана — да се доградат основите на системот на општонародната одбрана, да се уреди областа на производството на вооружување и воена опрема и да се обезбедат резерви за случај на војна и на други вонредни прилики, да се определи политиката во поглед на подготовката на воени прописи, да се донесат плански документи за развојот на општонародната одбрана, за вооружените сили и за произ-

водството на вооружување и воена опрема и да се подготват соодветни планови на стопанските и општествените дејности од заеднички интерес за одбрана на земјата.

Тргнувајќи од нашите определувања во областа на општонародната одбрана, а имајќи го предвид се поголемото заострување во меѓународните односи, Сојузниот собор смета дека се неопходни постојани усилби за јакнење на одбранбено-заштитната сила на општеството и дека во преземањето на сите општествено-економски и други мерки треба исклучително значење да му се дава на јакнењето на одбранбената способност на општеството. Сојузниот извршен совет и во наредниот период треба да предлага и презема мерки да продолжи натамошната успешна изградба и усовршување на вооружените сили и вкупното јакнење на нивната борбена готовност и способност, како и да обезбедува услови за натамошен развој и успешно остварување на производството на вооружување и воена опрема и за пошироко ангажирање на научните и развојните потенцијали на земјата во извршувањето на задачите на одбраната на земјата.

Во спроведувањето на донесените закони, во оваа област, во целото општество претстојат крупни задачи како на планот на нивната нормативна разработка и усогласување, така и на планот на борбата за нивна доследна реализација. Сојузниот извршен совет има посебни обврски навреме да ги донесе предвидените подзаконски и други акти, да ја следи примената на законите во оваа област и за своите забележувања да го известува Сојузниот собор.

3. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ ја поддржа оцената на Сојузниот извршен совет дека безбедноста на земјата не е посуштествено нарушена и покрај зајакнатата дејност на надзорешниот и внатрешниот непријател, познатите контрареволуционерни настани на Косово, како и сложената економска ситуација кај нас и во светот.

Во изминатиот период, системот на општествената самозаштита се покажа како незаменлива форма на заштита на општеството, а органите за безбедност во својата работа врз заштитата на уставниот поредок на СФРЈ ја пројавија неопходната ефикасност.

Соборот нагласува дека и натаму треба да се развива општествената самозаштита во која секој работен човек и граѓанин ќе биде оспособен за активно вклучување во заштитата на нашиот политички систем на социјалистичкото самоуправување што, пасдно значи натамошно поопштествување на таа функција.

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ смета дека Сојузниот извршен совет треба навремено и редовно да го известува Сојузниот собор и Собранието на СФРЈ во целост за политичко-безбедносната ситуација во земјата.

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ укажува на тоа дека треба да се продолжи со преземање на соодветни мерки за кадровско јакнење и техничко опремање на органите и службите за безбедност.

4. Усилбите што ги вложуваше Сојузниот извршен совет за да се надвладеат тешкотиите во финансирањето на функциите на федерацијата, со решавање на основните билансни проблеми и на растежот на буџетската потрошувачка, во согласност со можностите на здружениот труд, дадоа определени резултати.

Постигнати се почетни резултати во рационализацијата на буџетската потрошувачка на федерацијата, но и натаму остануваат отворени прашањата во врска со усовршувањето на овој систем по пат на натамошно порационално користење на средствата во општествена сопственост, што ги користат сојузните органи, како и на вкупната финансиска организираност во планирањето, извршувањето и контролата на извршувањето на буџетот на федерацијата. За сите овие отворени прашања, посебно во врска со намирувањето на втасаните а непокриени обврски, како и за другите поведувани системски прашања, Сојузниот извршен совет треба да предложи решенија во роковите што се веќе утврдени.

Исто така, Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ бара Сојузниот извршен совет темелно да го преиспита движењето на општата и заедничката потрошувачка во земјата и стекнатите права на одделни корисници на буџетот на федерацијата, заради усогласување со политиката утврдена со Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година. Тој треба да изнаоѓа и соодветни решенија со кои ќе се отстрануваат остатоците на антиципираната потрошувачка, а со тоа и дефицитарното финансирање (дополнителната валоризација на средствата за најголемите корисници на буџетот на федерацијата, продолжената буџетска година и др.). Посебно, Сојузниот извршен совет треба да обезбеди стабилни и постојани извори за финансирање на стоковните резерви на ниво на федерацијата.

5. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ констатира дека во областа на правосудството во извештајниот период се постигнати значајни резултати кои, пред се, се огледаат во следењето и согледувањето на резултатите остварени од уставната трансформација на правосудството; состојбите и актуелните проблеми на самоуправното судство; ефикасноста на работата на судовите; состојбите во адвокатурата и во другите видови правна помош.

Во иднина е неопходно посебно внимание да му се посвети на следењето на остварувањето на политиката за економска стабилизација и на преземањето мерки од страна на правосудните и инспекциско-контролните органи против појавите на нарушување на законитоста во работењето во стопанството и на единството на југословенскиот пазар. Тоа се однесува и на значајната активност на јавните обвинителства врз следењето на спроведувањето на мерките за стопанска стабилизација и врз активноста на судовите за ограничување и спречување на кривичните дела, стопанските престапи и прекршоци со кои се отежнува остварувањето на политиката за економска стабилизација.

6. Во областа на трудот, здравјето и социјалната политика, Сојузниот извршен совет во извештајниот период поднесе низа законски предлози, како и извештаи и анализи во кои беше прикажано спроведувањето на сојузните закони и остварувањето на утврдената политика во овие области, со предлог-мерки. Во овој период се вложувани определени усилби и за унапредување на работно-правната и друга заштита на југословенските граѓани на привремена работа во странство и на членовите на нивните семејства.

И во наредниот период е неопходно порешително да се создаваат услови за побрзо вработување и работно ангажирање, посебно на младите стручни кадри. За тоа постојат многубројни реални можности. Со подобро вреднување на производствениот труд и на трудот под потешки услови, како и со промена на вкупниот општествен однос спрема производствениот труд и трудот под потешки услови, ќе се поттикнува определувањето на младите за оспособување за производствените занимања и ќе се создаваат услови за нивното побрзо вработување и работно ангажирање.

Во склопот на општите услови за побрзо вработување, ќе се создаваат услови и за постепено враќање на нашите граѓани од привремена работа во странство и за нивното продуктивно вработување и работно ангажирање. Неопходно е, исто така, порешително преземање на мерки и акции за уште попотполна работно-правна и друга заштита на нашите граѓани на привремена работа во странство и на нивните семејства.

Бидејќи Сојузниот извршен совет не ја изврши обврската за изработка на материјали во врска со единственото уредување на основите на заштитата на човековата средина од интерес за целата земја, оваа задача треба да се изврши во наредниот период. Истото значење го има и следењето на спроведувањето на сојузните закони и на политиката утврдена во областа на исправноста на животните намирници и на предметите за општа употреба, како и за меѓуреубличките и меѓудржавните води.

Како една од главните задачи во наредниот период треба да биде и следењето на договорената политика во областа на производството и прометот на лекови, којашто би морала да обезбеди уредно снабдување на граѓаните со лекови, со приоритет во однос на сите други суровини и стоки што се увезуваат. Особено е значајно постигнувањето договор за развој на базната фармацевтска индустрија.

Во областа на основната боречко-инвалидска заштита, Сојузниот собор и Собранието на СФРЈ во целост и натаму ќе им посветуваат посебно внимание на мерките со кои се обезбедуваат услови за поефикасно остварување на политиката и правата во оваа област.

7. Во изминатиот период, во условите на влошената меѓународна ситуација, Сојузниот извршен совет успешно ја спроведуваше надворешната политика на СФРЈ врз принципите на неврзаност и постојана борба за мир, независност, рамноправност, немешање во внатрешните работи на другите земји, нов меѓународен економски поредок и економски развој на земјите во развој.

Истовремено, се продолжи со развивањето на односи со неврзаните земји и со повеќето членки на Обединетите нации. Значаен напредок е постигнат и во унапредувањето на соработката со соседните земји. Сето ова ја зацврсти меѓународната положба на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

За да може и во иднина успешно да се спроведува надворешната политика на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, неопходно е да се поттикне натамошното поопштествување на таа политика и да се оствари повисок степен на координација на сите субјекти надлежни за нејзиното спроведување. Сојузниот извршен совет треба уште повеќе да придонесе кон таквите усилби со усовршување на својот метод на работа и организација. Посебно внимание тој треба да му посвети на спроведувањето на заклучоците на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ во поглед на унапредувањето на нашите економски односи со странство и на дејностите на нашите работни организации во оваа област.

Во врска со спроведувањето на заклучоците на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ во областа на надворешната политика, потребно е и во иднина да се остварува редовно и навремено известување од страна на Сојузниот извршен совет.

II

1. Сојузниот извршен совет во идната работа треба што подоследно и поцелосно да ги остварува своите уставни функции и одговорности како за состојбата во сите области од општествениот живот, во рамките на правата и должностите на федерацијата, така и за извршувањето на политиката, законите и другите општи акти од делокругот на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ. Сојузниот извршен совет треба тежиштето на својата идна активност да го стави врз извршувањето на законите, прописите и другите акти и врз следењето на нивната реализација, зашто досега во тоа се појавени слабости. Во досегашните услови на нашиот општествено-економски развој и сложената општествено-економска ситуација, кога се појавуваат сериозни проблеми и тешкотии, основното внимание треба да биде насочено кон доследно извршување на утврдената политика и донесените прописи и други акти и договори, што бара целосно ангажирање и ефикасност во вршењето на функциите на Сојузниот извршен совет.

Со оглед на тоа што во изминатиот период во одделни области значајни за развојот и функционирањето на општествено-економскиот и политичкиот систем и политиката на општествениот и економскиот развој, Сојузниот извршен совет тежиштето на својата активност го насочи кон прашањата од делокругот на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, имајќи ја притоа предвид постојната економска и општествена ситуација, и по овој повод се укажува на потребата во иднина Сојузниот извршен совет повеќе и посистематски да се занимава и со основните прашања од делокругот на Сојузниот собор и на Собранието на СФРЈ во целост.

2. Во извршувањето на политиката и на актите од делокругот на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, посебно во сегашниве услови на определен застој во развојот на самоуправните општествено-економски односи и на подлабоки нарушувања во стопанските движења и појавените противречности во материјалниот развој, Сојузниот извршен совет треба, во предлагањето на политиката и донесувањето на интервентните и други мерки од своја надлежност, да ја има постојано предвид целината на општествените односи, утврдената политика и правците на нејзиното извршување и посебно да води сметка за надминување на штетните тенденции на ширење на државната интервенција и таму каде што таа не е општествено оправдана. Ова дотолку повеќе што во други услови тоа би водело кон слабеење на улогата и одговорноста на здружениот труд и на самоуправните субјекти за решавање на суштествените прашања на општествено-економскиот развој, би го стеснувало просторот за самоуправно и договорно уредување на односите и прашањата од интерес за здружениот труд, а со тоа би се создавале и основи за ширење на етатизмот.

За таа цел е неопходно Сојузниот извршен совет во наредниот период, во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и со извршните совети на автономните покраини, да подготви целосна анализа за тоа колку со постојната законодавна и друга нормативна регулатива во федерацијата и во републиките и покраините се задржани, па и зајакнати моќта и овластувањето на државните органи, односно дали на тој начин државната регулатива на сметка на самоуправната регулатива на здружениот труд е проширена повеќе отколку што го дозволуваат тоа Уставот и Законот за здружениот труд.

3. Во постапката на подготовка и донесување на законите и другите општи акти од делокругот на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, и покрај тоа што со програмите за работа се настојува како предлагачи на актите почесто да се појавуваат и работните тела на Соборот, се уште основен предлагач е Сојузниот извршен совет. Имајќи предвид дека во досегашната практика имаше случаи кога Сојузниот извршен совет во определени области предлагаше донесување на закони по итна постапка, Сојузниот собор оценува дека во иднина Сојузниот извршен совет треба да настојува само во неопходни случаи да предлага донесување на закони по итна постапка, кога можат да настанат непосредни штети по општествената заедница. Тоа се чини, пред се, затоа што делегатскиот начин на одлучување во Сојузниот собор бара да се обезбеди редовна постапка за донесување на сојузните закони, бидејќи само во таква постапка може да се обезбеди делегациите да ги утврдуваат ставовите и насоките за работа на делегатите во Сојузниот собор и на адекватен начин

да се консултира делегатската основа и да се обезбеди соодветно учество на работните тела на Соборот.

Исто така е неопходно да се обезбеди натамошна демократизација во подготвувањето и предлагањето на законите од делокругот на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ. Во врска со тоа, обврска на Сојузниот извршен совет е да вложи поголеми усилби заради натамошно унапредување на квалитетот на соработката со извршните совети на собранијата на републиките и со извршните совети на собранијата на автономните покраини, посебно во поглед на извршувањето на политиката и спроведувањето на законските прописи и при тоа мораат да се согледуваат и да се имаат предвид интересите и потребите, иницијативите и предлозите на здружениот труд и неговите асоцијации.

4. Во согласност со уставните принципи, посебно истакнати и во неодамна донесените Амандмани на Уставот на СФРЈ, во работата на Сојузниот извршен совет треба да бидат создадени и обезбедени сите услови за тоа сите членови на овој орган во извршувањето на своите функции и задачи, да бидат рамноправни и лично и колективно одговорни како за својата работа, така и за работата, одлуките и вкупното вршење на функцијата на Сојузниот извршен совет како орган.

Личната и колективната одговорност на Сојузниот извршен совет и на неговите членови треба да се остварува исклучително пред Сојузниот собор и Собранието на СФРЈ во целост, тргнувајќи притоа и од уставниот принцип неговите членови да не можат да примат насоки и налози од органите и функционерите на други општествено-политички заедници. Одговорноста на Сојузниот извршен совет пред Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ подразбира дека тој е одговорен не само за она што го работи, и што го остварил, туку и за она што треба и мора да го направи, со оглед на својата уставна функција.

5. Во спроведувањето на политиката и извршувањето на сојузните закони и други општи акти, покрај со Уставот утврдената надлежност на органите во републиките и автономните покраини, исклучително се значајни надлежностите, обврските и одговорностите пред се на Сојузниот извршен совет, но и на другите сојузни органи — на Собранието на СФРЈ, Претседателството на СФРЈ и сојузните органи на управата.

Што се однесува до улогата и задачите на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ во оваа област, треба да се истакне дека Сојузниот собор, неговите работни тела, како и делегатите во својата делегатска основа, треба постојано да следат како се реализира утврдената политика и актите од делокругот на Соборот, за да може што поцелосно да се согледа во колкава мера усвоените решенија се реализираат во непосредната општествена практика и навремено да се реагира за преземањето мерки заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанскиот и општествениот живот. Исто така, Сојузниот собор треба многу поактивно отколку досега да ја врши функцијата на утврдување на политиката за извршување на актите што ги донесува, а не тоа утврдување да им се препушти на други органи, или воопшто да не се согледа и утврдува оваа политика и со тоа таа да и се препушта на субјективната оцена на одделни носители на извршувањето на актите. Тоа бара Соборот со своите насоки и заклучоци да ги утврдува обврските на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата во извршувањето на актите што ги донесува, да се договара со собранијата на републиките и со собранијата на автономните покраини за политиката на извршувањето на актите што ги донесува, како и преку препораки и резолуции да влијае врз носителите на извршувањето во целата општествена заедница.

Утврдувајќи ги обврските на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата со што поопределени и конкретни заклучоци, Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ треба едновремено да бара од Сојузниот извршен совет редовно да го известува како се спроведуваат утврдените и прифатените задачи и обврски, да ги согледува причините за нивното евентуално неспроведување и, во рамките на својот делокруг, да презема определени мерки. Во тој поглед посебно е неопходно Сојузниот извршен совет да го известува Сојузниот собор за мерките што ги презема или што ќе ги преземе во извршувањето на заклучоците на Сојузниот собор.

Во нашиот општествено-политички систем непосредни извршители на законите и на други општи акти се организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници. Тоа не ја намалува одговорноста на надлежните органи, пред се во општините, но во соодветна мера и на сојузните, односно републичките и покраинските органи. Бидејќи, во врска со надлежноста на Сојузниот извршен совет за спроведувањето на политиката и извршувањето на актите од делокругот на Сојузниот собор, треба да се има предвид дека сојузните закони и другите прописи ги извршуваат, пред се, органите во републиките и автономните покраини и дека тие се одговорни за нивното извршување, ако со Уставот не е утврдено непосредно да ги извршуваат и за тоа да одговараат сојузните органи. Во врска со тоа, треба повеќе отколку досега да се развие меѓусебна соработка, известувањето и договарањето помеѓу Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата и соодветните органи во републиките и покраините, кога е во прашање извршувањето на сојузните закони, за да може во тие односи да се надмине постојната незадоволителна состојба што значително им отежнува на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата да ја следат и да имаат поцелосен увид во состојбата на извршувањето на сојузните закони. Во врска со тоа, треба повеќе да се разработи методот и формите за следење на таа состојба, што бара и изградба на целосен систем на меѓусебно информирање. Досегашните искуства покажуваат дека нема соодветно и постојано договарање помеѓу носителите на обврски во извршувањето на сојузните прописи и акти и дека тие вертикални врски на константно договарање не се развиени и покрај усилбите што се прават од страна на сојузните органи што досега се покажаа како недоволни. Сигурно е дека поцелосните анализи и објективното согледување на состојбата во врска со извршувањето на актите од делокругот на Сојузниот собор треба да бидат една од првостепените задачи на Собранието на СФРЈ и на неговите извршни и управни органи во наредниот период.

6. Иако во програмирањето на работата се постигнати определени резултати, потребно е во наредниот период да им се посвети посебно внимание на уште поголема координација и на усогласувањето на програмите за работа на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ и на Сојузниот извршен совет, како и на обезбедувањето што поголема одговорност во нивната реализација. Во врска со тоа, потребно е програмите за работа да ги содржат општествено најактуелните работи и задачи и да ги утврдуваат нивните приоритети, како и да бидат реален одраз на вистинските можности во извршувањето на поставените работи и задачи. Сите тековни промени на програмите и плановите за работа на Сојузниот собор и внесувањето на нови работи и задачи, во согласност со општествените потреби и барања, треба да бидат следени и со согледување на реалните кадровски, временски и други можности на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата во нивното извршување, за да не се случи внесувањето на новите обврски за

овие органи неповолно да се одразува врз целокупната реализација на задачите утврдени со програмата, врз пролонгирањето на роковите и доставувањето до Сојузниот собор и до неговите работни тела на такви материјали што содржински не им одговараат на поставените барања.

7. Во вршењето на политичката контрола над работата на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата, што во наредниот период треба да биде континуирана и уште поразновидна, од становиште на формите и начинот на нејзиното остварување, Сојузниот собор треба уште поцелосно да ги користи инструментите од извештаите за работата на тие органи, од повремениот претрес на нивната работа во врска со одделни акти и други материјали, од поставувањето делегатски прашања и барање известувања, поднесувањето интерпелација, како основа за поведување политички прашања во врска со работата на Сојузниот извршен совет и др.

Во врска со тоа, треба да се има предвид и значењето на новиот уставен институт задолжително поднесување на комплексен извештај на Сојузниот извршен совет за состојбата во сите области од општествениот живот, за спроведувањето на утврдената политика и извршувањето на законите и на други општи акти и за неговата работа. Сојузниот собор смета дека извештаите на Сојузниот извршен совет што се однесуваат на одделни области од општествениот живот и на извршувањето на законите во одделни области, треба да бидат засновани врз примената на аналитичките методи во утврдувањето на резултатите од утврдената политика, како и врз определувањето на правците и мерките за постигнување на утврдените општествени цели и задачи. Во тоа треба да се обрне внимание како на анализата и оцената на општествено-економските и политичките односи во определена област од општествениот живот, така и на анализата и оцената на работата на Сојузниот извршен совет и на одделни сојузни органи на управата.

Сите овие видови на политичка контрола над работата на Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата треба да бидат повод како за активно насочување на овие органи кон извршувањето на работите и задачите што се нивна функција и обврска, така и за поведување на определени видови конкретна одговорност на овие органи и на носителите на јавните функции во нив.

8. Односите на сојузните органи на управата спрема Сојузниот собор и Собранието на СФРЈ воопшто, во досегашната практика се одвивал, по правило преку Сојузниот извршен совет, а не непосредно, што придонесуваше за намалување на непосредната одговорност на тие органи пред Сојузниот собор за состојбата во областите од општествениот живот од нивна надлежност, што одновремено ја намалуваше и одговорноста на Сојузниот собор за остварување на неговата функција во врска со следењето на спроведувањето на утврдената политика и извршувањето на обврските од страна на одделни сојузни органи на управата. Затоа во иднина треба да се остварува и да се развива непосредна одговорност на сојузните органи на управата пред Собранието на СФРЈ и низ непосредна политичка контрола на Сојузниот собор над работата на овие органи, да се обезбеди поуспешно остварување на нивната основна функција, така што ќе им се овозможи и поголема самостојност и иницијативност во предлагањето решенија и донесувањето мерки од нивна надлежност. Со тоа воопшто не се намалува уставната функција на Сојузниот извршен совет и неговата одговорност во координирањето и насочувањето на сојузните органи на управата.

9. Сојузните органи на управата, како стручни носители на работите во врска со предлог-актите и со други материјали што му се поднесуваат на Сојузниот собор, треба да бидат иницијативни, ажурни и одговорни, што е еден од значајните фактори и за успешна работа на Сојузниот собор. Едновремено треба да се обезбеди овие органи да бидат самостојни, авторитативни и одговорни, во рамките на своја уставна функција и утврдените надлежности.

Досега во подготвувањето и презентирањето на материјалите се појавени определени слабости од страна на сојузната управа, од становиште на квалитетот и обемот на материјалите, неопходните образложенија кон предложените акти и документацијата и друго, па во иднина треба да и се посвети посебно внимание на стручната обработка на материјалите што му се поднесуваат на Сојузниот собор, со деловничките обврски што постојат во врска со тоа, како и на потребата од соодветна аргументација на предложените ставови и решенија, за да може и на тој начин полесно да се согледуваат заедничките интереси и потреби.

Сето ова бара и претпоставува наспоредно да се продолжи со настојувањата сојузните органи на управата организационо, кадровски и материјално да се оспособуваат за да можат тие поуспешно да ја следат состојбата и квалификувано да предлагаат мерки за решавање на проблемите во областите за кои се формирани.

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ смета дека е потребно порешително и подоследно да се спроведуваат ставовите на Соборот, на неговите работни тела и на задничките работни тела на Собранието на СФРЈ за трансформација на организацијата и на работата на сојузните органи на управата и на сојузните организации врз основите на Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата, за поефикасното остварување на уставните функции на тие органи и организации, за нивната кадровска оспособеност и општествено-економска положба на работниците во работните заедници на сојузните органи на управата и на сојузните организации. Во врска со тоа е потребно Сојузниот извршен совет што поскоро да излезе пред Собранието на СФРЈ со анализа и предлози за уставна трансформација на сојузната управа.

10. Во врска со досегашната и идната работа на Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата, Сојузниот собор оценува дека е потребно поцелосно да се остваруваат конкретните видови општествена и политичка одговорност на носителите на јавните и на други општествени функции во овие и во други органи на власта и самоуправувањето.

III

1. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, во рамките на својот делокруг, го прифаќа Извештајот за работата на Сојузниот извршен совет за периодот од јануари 1980 до март 1982 година и ја одобрува неговата работа.

2. Овие заклучоци ќе се објават во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 020-14/82-030
22 април 1982 година
Белград

Сојузен собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател,
Стана Томашевиќ-Арнесен, с. р.

306.

Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, врз основа на член 286 став 3 точка 3 од Уставот на СФРЈ и член 136 и член 173 став 3 од Деловникот на Собранието на СФРЈ, го разгледуваше, во рамките на својот делокруг, на седницата од 26 април 1982 година, Извештајот за работата на Сојузниот извршен совет за периодот од јануари 1980 година до март 1982 година и, тргнувајќи од оценките и ставовите на работните тела на Соборот на републиките и покраините и на заедничките работни тела на соборите на Собранието на СФРЈ, од експозето на претседателот на Сојузниот извршен совет и мислењата и оценките дадени во текот на претресот на седницата на Соборот, ги донесе следниве

ЗАКЛУЧОЦИ

Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ го прифаќа Извештајот за работата на Сојузниот извршен совет за периодот од јануари 1980 до март 1982 година и експозето на претседателот на Сојузниот извршен совет. Во расправата за работата на Сојузниот извршен совет во периодот од јануари 1980 до март 1982 година е констатирано дека Сојузниот извршен совет, како извршен орган на Собранието на СФРЈ, во рамките на правата и должностите на федерацијата. имал значајни и обемни задачи во спроведувањето на економската политика на земјата и остварувањето на Уставот на СФРЈ, законите и другите прописи, како и во насочувањето на работата на сојузните органи на управата. Во изминатиот дгеводишен период Сојузниот извршен совет, неговите тела и органите на сојузната управа и организациите извршиле мошне интензивна работа, посебно во врска со подготвувањето и донесувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 година. Оваа работа се одвиваше во мошне сложени општествено-економски услови, што бараше зголемени усилби заради остварување на политиката за економска стабилизација и натамошен развој на самоуправувањето.

Сојузниот извршен совет и органите на управата во изминатиот период беа мошне ангажирани во решавањето на многубројни стопански проблеми како и тешкотии во областа на тековната економска политика.

Во обезбедувањето услови за функционирање на тековите на општествената репродукција не е остварена потребната координација на работата и неопходната организираност и усогласеност на акциите на сите носители на одлуки во земјата во согласност со нивните права и должности, особено во областа на договарањето и спогодувањето, усогласувањето на интересите и потребите, како и остварувањето на договорите и спогодбите. Освен тоа, ни сите мерки на економската политика не беа целосни, доволно меѓусебно поврзани, ниту навремени, а одделни од нив не беа засновани ни врз реалните економски процени. Поради ова се повеќе доаѓаше до израз тенденцијата за преземање на административни мерки на сите нивоа, што објективно со себе носи опасност тоа неповолно да се одрази од становиште на развојот на самоуправните социјалистички односи.

Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ во досегашната работа, а посебно при разгледувањето на стопанските движења и надворешната ликвидност на земјата на почетокот од 1982 година, потоа актуелните прашања на договарањето на републиките и автономните покраини за остварувањето на заедничките интереси во федерацијата, како и одговорноста за утврдувањето и спроведувањето на политиката од делокругот на Соборот, дал свои оценки и заклучоци и констатирал дека сите општествено-политички фактори и стопанските субјекти, на сите нивоа, без двоумење, порешително и побрзо треба да преземаат мерки за да се извршуваат договорените обврски и Сојузниот извршен совет, во согласност со своите овластувања и одговорности, треба да преземе мерки за да се остваруваат договорените обврски и координирано да се создаваат услови за да можат, пред се врз самоуправни основи, стопанството и другите општествени субјекти да се вклучуваат во решевањето на стопанските проблеми.

Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ смета дека треба што побргу темелно да се анализира, покрај другото, и досегашната законодавна активност во федерацијата, како и вкупната самоуправна регулатива, посебно од гледиштето на изградбата и примената на системот на општествено-економските односи заради остварување на уставно утврдената улога на здружениот труд како решавачки носител во целокупната сфера на општествената репродукција.

Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ укажува на потребата од целосно согледување на активноста и положбата на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата во склопот на функционирањето на институциите на политичкиот систем во федерацијата, а особено од гледиштето на ефикасноста на остварувањето на заедничките интереси во федерацијата, рамноправното учество и одговорноста на републиките и автономните покраини и јакнењето на процесот на договарањето.

Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ оценува дека пред Сојузниот извршен совет и сојузната управа и натаму останува задачата својата работа и организацијата уште поцелосно да ги приспособат кон потребите на делегатскиот систем, собранискиот механизам и потребите на здружениот труд. Исто така, треба да настојуваат уште повеќе да се отворат спрема сите структури на општеството и јавноста и да придонесуваат за натамошен развој на организираната и континуирана соработка со органите во федерацијата, републиките и автономните покраини.

Овие заклучоци ќе се објават во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 06.3-75/82-046
26 април 1982 година
Белград

Собор на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
Зоран Полич, с. р.

307.

Врз основа на член 136 од Деловникот на Собранието на СФРЈ, по повод разгледувањето на Извештајот за работата на Анкетната комисија за административна процедура во работењето со странство, Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ, на седницата од 26 април 1982 година, донесе

ЗАКЛУЧОЦИ

1. Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ констатира дека работата на Анкетната комисија даде позитивни резултати и сме-

та дека решавањето на прашањата што се поведени во Извештајот на Анкетната комисија претставува придонес за поадекватно и порационално правно уредување на проблематиката на економските односи со странство и остварување на целите на економската политика во оваа област.

Работата на Анкетната комисија укажа на потребата од понепосредна соработка на делегатите во Соборот со организациите на здружен труд, со други самоуправни организации и заедници, зашто на тој начин се стекнува понепосреден увид во нивната работа и проблеми и им се помага на делегатите во Соборот да заземаат ставови и да предлагаат мерки што им одговараат на интересите на здруженият труд и на економската политика.

2. Сојузниот извршен совет ќе ги проучи наводите на Анкетната комисија и забелешките и предлозите содржани во нејзиниот извештај и, врз основа на тоа, ќе преземе, односно ќе предложи соодветни мерки во согласност со своите права и должности.

3. Со наодите на Анкетната комисија и со забелешките и предлозите содржани во нејзиниот извештај трба да се запознаат собранијата на социјалистичките републики и на социјалистичките автономни покраини, соодветните сојузни општествени совети, за да може прашањата што се поведени во Извештајот на Анкетната комисија да се имаат предвид во рамките на работата врз конципирањето на долгорочната програма за економска стабилизација.

4. Сојузниот извршен совет ќе изработи програма за извршување на предлозите од Извештајот на Анкетната комисија и тоа по рокови и ќе му ја предложи на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ. За извршувањето на таа програма и на заклучоците Сојузниот извршен совет ќе го известува редовно Соборот на републиките и покраините.

5. Овие заклучоци ќе се објават во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 06.3-64/82-049
26 април 1982 година
Белград

Собор на републиките и покраините на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
Зоран Полич, с. р.

308.

Врз основа на член 61 став 1 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80 и 38/80), врз основа на согласноста од надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ИНДУСТРИСКА ДОБИТОЧНА ХРАНА

1. Заради обезбедување стабилни односи на пазарот и отстранување на растројството во односите на пазарот на добиточна храна, со оваа одлука се определува начинот на формирање на цените на индустриска добиточна храна.

2. Организациите на здружен труд што се занимаваат со производство на добиточна храна, ги формираат цените на индустриската добиточна храна врз основа на цените на суровините за производство на индустриска добиточна храна, кои изнесуваат, и тоа за:

	Дин/kg
1) пченка во зрно	до 9,10
2) добиточно брашно	до 5,50
3) пченични трици	до 3,30
4) суви режанки од шеќерна репка	до 4,00
5) суви режанки од шеќерна репка, брикетирани	до 4,50
6) суви режанки од шеќерна репка, меласирани	до 5,00
7) суви режанки од шеќерна репка, — меласирани и брикетирани	до 5,50
8) соина сачма со 44% протеин	до 22,00
9) сончогледова маслена сачма со 44% протеин	до 20,00
10) сончогледова маслена сачма со 33,5% протеин	до 14,00
11) рибино брашно со 65% протеин	до 33,00
12) месно-коскено брашно	до 22,00
13) млеко во прав со 34% протеин	до 115,00
14) брашно од луцерка со 20% протеин	до 9,50
15) добиточен квасец	до 26,00
16) меласа	до 7,00

Цените за други суровини што не се опфатени со став 1 од оваа точка, се пресметуваат во мешаници на индустриска добиточна храна врз основа на нивната вистинска фактурна вредност.

Трошоците за транспорт и другите зависни трошоци се засметуваат при формирањето на цените на индустриската добиточна храна врз цените на суровините од ст. 1 и 2 на оваа точка, така што се зголемуваат за износот на зависните трошоци од складот на добавувачот до складот на купувачот — производителот на индустриска добиточна храна според прописите.

3. Врз цените формирани според одредбите од точка 2 на оваа одлука можат да се засметаат:

	Дин/kg
1) трошоците за мешање на суровините за комплетни смеси	до 0,75
2) трошоците за мешање на суровините за дополнителни смеси	до 1,15
3) трошоците за мешање на суровините за премикси	до 3,00
4) трошоците за ситно пакување до 10 kg	до 0,80
5) трошоците за крупно пакување над 10 kg	до 0,40
6) трошоците за гранулирање	0,20

При формирањето на цените на добиточна храна може да се засмета 1% на име кало од вредноста на суровините.

4. Организациите на здружен труд што се занимаваат со производство на добиточна храна, врз основа на цените на суровините од точка 2 и трошоците за мешање и пакување од точка 3 на оваа одлука, ги формираат цените на комплетните мешаници, и тоа за:

	Дин/kg
1) комплетна крмна смеса за прехранување на прасиња, со најмалку 20% протеини и 5% обрано млеко во прав	до 21,80
2) комплетна крмна смеса за свињи во пораст и гоење до 60 kg со најмалку 14% протеин S-1	до 12,80
3) комплетна крмна смеса за свињи во пораст и гоење над 60 kg, со најмалку 12% протеин S-2	до 11,60

	Дин/kg
4) комплетна крмна смеса за спрасни маторици и приплодни назимчиња, со најмалку 12% протеин	до 11,70
5) комплетна крмна смеса за исхрана на телиња, со најмалку 15% протеин и 4% обрано млеко во прав	до 17,90
6) комплетна крмна смеса за гоење на јунишја до 250 kg, со најмалку 14% протеин	до 11,00
7) комплетна крмна смеса за гоење на јунишја над 250 kg, со најмалку 12% протеин	до 9,00
8) комплетна крмна смеса за крави, молзници, со најмалку 18% протеин	до 12,50
9) комплетна крмна смеса за гоење на пилиња (завршна), со најмалку 18% протеин	до 16,10

5. Цените на индустриската добиточна храна формирани според одредбите од точ. 2 до 4 на оваа одлука се сметаат како продажни цени на производителот франко производител, при постојните услови на продажбата според прописите, а цените на другата индустриска добиточна храна што не е наведена во точка 4 од оваа одлука се формираат според одредбите од точ. 2 и 3 на оваа одлука.

6. Организациите на здружен труд што се занимаваат со работи на прометот на индустриска добиточка храна можат, при формирањето на цените во прометот на големо, односно на мало, да засметаат врз набавната цена на име трошоци на прометот вкупно до 10%, со тоа што во прометот на големо тие трошоци можат да изнесуваат најмногу 3%.

7. Оваа одлука останува во сила додека не се отстранат растројствата во односите на пазарот и во движењето на цените заради чии отстранувања е донесена, со тоа што најдоцна до истекот на рокот од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, ќе се преиспита дали постојат причини за задржување на оваа одлука во сила.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 160
22 април 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

309.

Врз основа на член 56 од Законот за движењето и престојот на странците („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/80) и член 3 ст. 3 и 4 од Уредбата за паричната помош и за здравствената заштита на странци на кои им е признаен статусот на бегалец („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/75 и 72/81), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗНОСИТЕ НА ПАРИЧНАТА ПОМОШ НА СТРАНЦИТЕ СО СТАТУС НА БЕГАЛЕЦ КОИ СЕ МАТЕРИЈАЛНО НЕОБЕЗБЕДЕНИ

1. Паричната помош на странците на кои им е признаен статусот на бегалец, утврдена со чл. 4 до 7 од Уредбата за паричната помош и за здравствената заштита на странци на кои им е признаен статусот на бегалец, се зголемува од 1 јануари 1982 година за 15% и така зголемена по одделни видови на таа помош изнесува, и тоа:

	Динари
1) основна помош	1.138
2) додаток за неспособност	284
3) додаток за неспособност за самохрани	568
4) додаток за стручно оспособување, односно школување	284
5) додаток за стручно оспособување, односно школување надвор од местото на домувањето	854
6) додаток за малолетни членови на семејството	284

2. Износите на паричната помош утврдени според одредбите од точка 1 на оваа одлука се исплатуваат преку надлежниот општински орган.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за усогласување на износите на паричната помош на странците со статус на бегалец, кои се материјално необезбедени („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/80).

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 159
22 април 1981 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

310.

Врз основа на член 59а став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), во врска со член 12 став 2 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/78), а по прибавено мислење од Сојузната заедница за работи на цените и Општото здружение на индустријата на преработка на метали на Југославија, сојузниот секретар за пазар и општи стопански работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО АТЕСТИРАЊЕ НА ЈАЖИЊА ЗА ИЗВОЗНИ ПОСТРОЈКИ ВО РУДАРСТВОТО

1. За задолжително атестирање на јажиња за извозни постројки во рударството во смисла на Наредбата за задолжително атестирање на јажиња за извозни постројки во рударството („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/80 и 67/80), подносителот на барањето за атестирање на јажиња за извозни постројки во рударството плаќа надомест во износ од 15.200 динари по едно испитување.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 4019/4
8 април 1982 година
Белград

Сојузен секретар за пазар и општи стопански работи,
Имер Пуља, с. р.

311.

Врз основа на член 59а став 2, од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/77 и 11/80), во врска со член 12 став 2 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/78), а по прибавено мислење од Сојузната заедница за работи на цените и Општото здружение на шумарството и индустријата за преработка на дрво, целулоза и хартија на Југославија, Сојузниот секретар за пазар и општи стопански работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО АТЕСТИРАЊЕ НА ПЛОЧИТЕ ИВЕРИЦИ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА И ГРАДЕЖНИШТВОТО

1. За задолжително атестирање на плочите иверици за општа употреба и градежништвото во смисла на Наредбата за задолжително атестирање на плочите иверици за општа употреба и градежништвото („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/79 и 40/79), подносителот на барањето за атестирање на плочите иверици за општа употреба и градежништвото плаќа надомест во износ од 35.000 динари по едно испитување.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 4019/4
8 април 1982 година
Белград

Сојузен секретар за пазар и општи стопански работи,
Имер Пуља, с. р.

312.

Врз основа на член 15 од Законот за статистичките истражувања од интерес за целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/77), во врска со одредбата од редниот број 9 на одделот Статистика на угостителството и туризмот од Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја за 1982 година, што е составен дел на Одлуката за утврдување на Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја за 1982 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/82), директорот на Сојузниот завод за статистика издава

НАРЕДБА

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТАТИСТИЧКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ „ИЗВЕШТАЈ ЗА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО (УГ-20, 21, 22)" ВО 1982 ГОДИНА

1. Статистичкото истражување „Извештај за капацитетите за сместување во угостителството (УГ-20, 21, 22)" ќе се спроведе од 1 до 10 август 1982 година.

2. Со истражувањето од точка 1 на оваа наредба ќе се соберат податоци за капацитетот и за техничката опременост на угостителските објекти, по видови и категории; за располагањето со посебни простории и терени за одмор, разонода и одржување на конгреси; за површината на објектите, годината на нивната изградба и др.

3. Истражувањето ќе се спроведе според упатствата на Сојузниот завод за статистика и на образците што ќе ги утврди тој завод.

4. Во спроведувањето на истражувањето од точка 1 на оваа наредба учествуваат Сојузниот завод за статистика, републичките заводи за статистика, покраинските заводи за статистика и статистичките органи и служби во општините и градовите.

5. Податоците собрани со истражувањето од точка 1 на оваа наредба ќе служат исклучиво за статистички цели.

6. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 710-1498/1
21 април 1982 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за статистика,
Франта Комел, с. р.

НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ТРУД, ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Се разрешува од должноста потсекретар во Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита Звонко Луцик, со 30 јуни 1982 година, заради заминување во пензија.

С. п. п. бр. 325
15 април 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР ВО СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

Се разрешува од должноста директор во Сојузниот завод за општествено планирање Петар Красуља, со 30 јуни 1982 година, заради заминување во пензија.

С. п. п. бр. 326
15 април 1982 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

ОДЛИКУВАЊА

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

— врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од сојузните органи

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Пуповац Атанасија Зоран;

Од СР Црна Гора

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Борозан Пера Михаило, Ивановиќ Антуна Грација, Калуђеровиќ Јована Ђорђије, Копривица Јована Филарет, Вујошиќ Николе Петар;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Демировиќ Мурата Идриз;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Радусиновиќ Марка Комнен;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Бајрамовиќ Омера Ибрахим, Бикицки Славка Милан, Брајковиќ Јеронима Грација, Ивошевиќ Јована Васо, Љиковиќ Хаџије Рецеп, Мештровиќ Павла Данило, Вујовиќ Стевана Видак;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Марић Лазара Данило, Перовиќ Јована Милош;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Аговиќ Емина Бајро, Богавац Вука Мираш, Ковачевиќ Нуха Јусуф, Сеферовиќ Хасана Халил, Смаиловиќ Јусуфа Шаќир;

Од СР Словенија

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

д-р Линдич Хенрика Мирко;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бевц Урха Михаел, Погачар Антона Станислав;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бертонцељ Антона Франц, Брегант Иве Леополд, Ерод Лазарја Лазар, Демшар Мохора Јоже, Добрина Марија Стане, Долар Ивана др Павел, Ержен Франца Рафко, Хрозат Алојза др Душан, Кончан Павла Иван, Корошец Алојза Драго, Кумар-Гостич Флорјана др Марта, др Мерхар Франца Вилем, Новак Јосипа Јосип, Осредкар Славка Славко, Ожек Михаела Леополд, Паш Франца Бранко, Полајнар Франчишка Антон, Прегељ Ивана др Базилија, Разборшек Франца Карел, Рован-Становник Иванке Павла, Тратник-Покојец Штефана др Марјана, Тушар Луција Сречко, Видмар Марије Марјан, Вилд Марјета Јоже;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Абрахт Ивана Павел, Ажман Иванка Иван, Бречко Валентина Франц, Черталич Алојза Емил, Чотар Клемента Радо, Дианци Томажа Франьо, Голоб Јернеја Франц, Хриберник Павла Франц, Јамшек Андреја др Марија, Керкез Марка Миленко, Концилија Франца Франц, Крашовец Јурија Мартин, Лавтар Игнација Албин, Лукман Франца Аница, Марн Јоже Станислав, Озебек Грегора Антон, Перновшек Ивана Игнац, Пижент Мартина Мартин, Планиншец Франца Виктор, Погорелц Матеја Карел, Поточник Мартина Алојз, Прескар Карла Карл, Рајшек Антона Антон, Ринк Ивана Јанко, Стрлич Ивана Јулијан, Шемров Штефана Рико, Штефанич Јанеза Винко, Тхалер Бруна Бруно, Удуч Ловренца Франц, Зајц Франца Иван;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЗВЕЗДА

Азинович Ивана Младен, Берчич Јанеза Јанко, Божнар Јанеза Лудвик, Бречко Мартина Алојз, Брезавшчек-Цурк Антона Марија, Брезовец Антона Мирко, Чебулар Драге Драго, Ерзножник Јанка Марија, Гермек Франца Милан, Грачнер Јожета Јоже, Грегорич Антона Рудолф, Хафнер Франца Владимир, Хајсхен Франца Душан, Хрен-Симончич Ивана Милена, Кастелиц Франца Јоже, Клањшчек-Ферјанчич Ивана Иванка, Коцјанчич Јожа Антона, Кодарин Андреја Дино, Коритник-Премрл Франца Марта, Крамар Јожа Мета, Крањец-Шкер Франца Францка, Кребс Марије Антон, Лебар Дамјана Јоже, Локар Јоже др Јоже, Маринчич-Шулигој Бенедикта Ида, Мрак Франца Виктор, Нагоде Јакоба Иван, Павчич Ивана Соња, Петек Јоже Кристина, Примон Јакоба Јустина, Рахне Ивана Иван, Раковец Антона Антон, Руех Бранка Алеш, Садар Алојза Алојз, Седеј Тоне Николај, Сеидл Августа Август, Секереш-Пеган Антона Зденка, Старич Јоже Лудвик, Шкрљ Франц Братко, Шмид Јанеза Јанко, Шмид Франца Милка, Штерн Емила Емил, Вашл-Петернел Ернеста Ерсилија, Видмар Јернеја Франц, Водопија Силверија др Надо, Врабец Антона Ивана, Вртачник Франца Франц, Звер Јожета Штефан, Голе Франца Франц, Млакер Винка Михаел, Пепелнак Карела Станле, Закрајшек Јанеза Јоже;

— за заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во подигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН НА НАРОДНАТА АРМИЈА СО СРЕБРЕНА ЗВЕЗДА

Лекше Антона Иван, Меланшек Јожета Јоже, Секирник Макса Метод;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бах Алојза Јоже, Бајич Душана Душан, Бенедичич Марија Алојзија, Безеншек Руди Руди, Бидовец Јанеза Стане, Блазник Франца Филип, Бошт-јанчич-Мошкрич Јоже Зинка, Брезникар Франца Едвард, Брезникар-Смодиш Људмиле Милена, Брулц Штефана Франц, Цвек Павла Павле, Чоралич Хасана Азис, Дефар Милана Бранко, Демшар Павла Матевж, Диош-Марчич Августа Едита, Доленц Урбана Урбан, Долинар Јоже Иван, Дворшак Ферде Гашпер, Ербежник-Мајхенич Фридерика Милица, Ержен Рафаел Цирила, Франзот Карела Ладо, Габријелчич Ивана Фаница, Гасар Матевж Макс, Годнич-Гомољ Игнаца Тончка, Горенц Мартина Албин, Грбец Франца Мирко, Гучек-Пирнат Игнаца Бранимира, Хајнрихар Алојза Франц, Хрибар Лудвика Лудвик, Хрибар Алојза Руди, Искра Франца Франц, Јанежич Алојза Петер, Јеленц Јанеза Јанко, Јеленко Антона Август, Јемец Јоже Јанез, Јордан Иванке Иван, Јуратовец Франца Франц, Кастелиц Алојза Алојз, Кастелиц-Цеглар Јоже Вероника, Кавчич Франц Франц, Кемперле Антонија Стане, Кенда-Бенедичич Лovренца Резка, Клопчич Матије Винко, Кнез Матије Франц, Коци-Хрибар Драгутина Луција, Копатин-Андловец Антона Франчишка, Ковач Ловренца Ленард, Крамар Марије Марјан, Кроflич Михаела Јоже, Куроња Карла Јоже, Кус Мартина Мартин, Лапајне Антона Иван, Легат Франца Станко, Лељак Марка Виктор, Локар Владимира Владимир, Лотрич Франца Антон, Лотрич Франца Ивана, Магајна-Церар Игнаца Марија, Маркељ-Шубиц Јакоба Павла, Милосављевић Станимира Драго, Млакар Антона Фердо, Млинарич Михаела Станко, Мохар Матије Штефан, Може Антона Албин, Мравља Андреја Јоже, Настран Јоже Јоже, Немеш-Цоцеј Албина Труда, Оберш-Обу Франца Аница, Офентавшек Јоже Антон, Остреж Петера Валентин, Пајк Франца Франц, Пеликан Андреја Радо, Перко Франца Антон, Перне Франца Јоже, Пертл-Хауптман Франца Марија, Петрач Франца Леон, Пижент-Фабчич Андреја Ана, Порента-Пфајфар Јакоба Резка, Поткоритник Ивана Франц, Поточник Јоже Павел, Презељ Андреја Јоже, Пушник Албина Карл, Рабич Јанеза Славко, Раковец Јанеза Јанез, Разпотник Ивана Франц, Растеигер Михаела Марија, Ресник Ивана Владимир, Ријавец Фридерика Антон, Ровтар Јакоба Јанез, Розман Јанеза Иван, Сеница Михаела Ладислав, Сеница Јоже Матија, Сирц Франца Јоже, Соња Антона Албин, Сотеншек Алојза Алојз, Станчич Антона Александер, Стопар Јожета Карл, Стрес-Бергинц Матије Ана, Шабјан Евгена Николај, Шешко Марка Иван, Шименц Ивана Иван, Ширца Алојза Алојз, Шкербот Павела Иван, Шмид Михаела Марјан, Шпиндлер Ловре Јоже, Штибиљ Јоже Рајмунд, Штурм Рудолфа др Ловро, Шуштар Мартина Павле, Тхалер Франца Франц, Тихле Јоже Јоже, Толар Франца Франц, Толар Алојза Јанез, Томше-Логар Хелена Павла, Валич Венцеслав Виктор, Вашл Андреја Јоже, Вавпотич Силво Митја, Видович Рудолфа Фрањо, Вишнер Франца Михаел, Водопивец Јожефа Франц, Зензиановску Ивана Рудолф, Зорн Антона Стана, Жагар Марије Франц, Железник Грегорја Јоже, Жгавц Јожефа Флоријан, Жигман Луке Франц;

— за заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата ча општонародната одбрана и за успеси во подигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

Фајмут Ожбалта Ожбалт, Горјуп Славка Бојан, Јордан Јанка Макс, Конечник Јожефа Јожеф, Кравогел Мартина Роберт, Мајерле Јожета Јоже, Милојевич Тодора Драгомир, Печар Антона Зденко, Вртачник Франца Хенрик;

— за залагање во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Дежелак Јакоба Алојз, Дежелак-Сршен Јоже Ана, Дежелак Карла Карл, Габрон-Кепиц Франца Франчишка, Грабнар Антона Иван, Херцог Андреја Јоже, Кланьшек Михаела Ладислав, Конечник Франца Карел, Крашовец Мартина Евстахиј, Лах Винка Иван, Ланг Едварда Хенрик, Обрез Михаела Антон, Павлин Едмунда Јожеф, Плој Ивана Тоне, Рајх Ја-

коба Франц, Рајшек Антона Терезија, Роде Августа Андреј, Рутер Симона Иван, Ржек-Павлич Андреја Антонија, Сребот-Ширца Андреја Августина, Сребот-Ширца Андреја Франчишка, Шустер Ивана Франц, Урбас-Стеговец Рудолфа Розина, Воглар Јоже Франц, Завшек-Кајтна Цирила Терезија, Зупанчич Хенрика Богдан;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Бертонцељ-Млакар Франца Марија, Бевц-Белчич Андреја Валерија, Безјак Франца Франц, Делчњак Јанеза Франц, Грбелник-Мајценович Марије Ема, Јухарт Карела Карел, Кетиш-Осовникар Јоже Јожица, Корошец Антона Винценц, Лебан Франца Бруно, Личен Силвестра Цирил, Мандрович-Ширца Алојза Алојзија, Мараж Станка Бланка, Ненадович Винка Младен, Планинц Драготина Борис, Рањеловић-Тушек Антона Ерика, Санда-Центрих Андреја Марија, Старич Драгица Руди, Шуц-Хочевар Едварда Наталија;

— за заслуги и постигнати успеси во работата на општонародната одбрана

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Бежан Алојза Борис, Дерганц Алојза Алојз, Херпаус Јанеза Милан, Јенколе Франца Франц, Кос Викторја Ото, Левстик Андреја Мирослав, Мухич Ивана Иван, Сешлар Јожета Јоже, Светина Франца Франц, Шкрабељ Катарина Јанко, Тэмшич Мартина Јоже, Турк Јожета Јоже, Верчковник Ивана Милан;

Од СР Србија

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Исаиловић Животе Здравко.

Бр. 125
16 декември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Sergej Kraigher, с. р.

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од САП Косово

— по повод шеесетгодишнината од животот и долгогодишната револуционерна работа, а за исклучителни заслуги во Народноослободителната борба и за значаен придонес во изградбата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ

Широка Гаспера Кољ.

Бр. 126
23 декември 1981 година
Белград

Претседател
на Претседателството
на СФРЈ,
Sergej Kraigher, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

300. Закон за основните права од пензиското и инвалидското осигурување — — — 749
301. Закон за измени и дополненија на Законот за оданочување на производи и услуги во прометот — — — — — — 762
302. Закон за обезбедување средства за придонесот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на Светската програма зе храна, за 1983 и 1984 година — 766
303. Одлука за измени на Одлуката за утврдување на вкупниот износ на девизи за потребите на федерацијата за 1982 година 766
304. Зеклучоци на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ по повод материјалот „Остварување и заштита на уставните права, слободите, должностите и одговорностите на работните луѓе и граѓаните“ — — — — — — — — — 767
305. Заклучоци на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ по повод разгледувањето на извештајот за работата на Сојузниот извршен совет за периодот од јануари 1980 до март 1982 година — — — — 769
306. Заклучоци на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ по повод разгледувањето на извештајот за работата на Сојузниот извршен совет периодот од јануари 1980 до март 1982 година — — — — — — — — 774
307. Заклучоци на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ по повод разгледувањето на извештајот за работата на Анкетната комисија за административната процедура и работењето со странство — — — — — — 774
308. Одлука за начинот на формирање на ценитe на индустриска добиточна храна 775
309. Одлука за усогласување на износите на паричната помош на странците со статус на бегалец кои се материјално необезбедени — — — — — — — — — 776
310. Решение за височината на надоместот за задолжително атестирање на јажиња за извозни постројки во рударството — — 776
311. Решение за височината на надоместот за задолжително атестирање на плочите иверици за општа употреба и градежништвото — — — — — — — — 777
312. Наредба за спроведување на статистичкото истражување „Извештај за капацитетите за сместување во угостителството (УГ — 20, 21, 22)“ во 1982 година — — 777

Назначувања и разрешувања — — — — 777
Одликувања — — — — — — — — 778

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Вељко Тадиќ. — Печати Београдски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17.